МАКЕДОНСКА БЕРЗА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2025

www.mse.mk

mse@mse.org.mk

# Содржина


КОРПОРАТИВЕН ПРОФИЛ ... 3
1. ВОВЕД ... 4
2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ ... 4
3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ... 6
3.1. Основни карактеристики ... 6
3.2. Класично тргување (БЕСТ систем) ... 8
3.3. Структура на промет од класично тргување по сегменти ... 9
3.4. Блок трансакции ... 10
3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупен промет ... 11
3.6. Индекси на Македонска берза ... 11
3.7. Структура на прометот по членки ... 14
3.8. Други активности поврзани со тргувањето и функционирањето на БЕСТ системот ... 15
3.9. Надзор на тргувањето ... 16
4. КОТАЦИЈА ... 18
4.1. Пазарна капитализација ... 18
4.2. Котација на нови хартии од вредност ... 18
4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност ... 19
4.4. Преземени мерки согласно правила за котација ... 19
4.5 Објавени известувања преку СЕИ-НЕТ ... 22
5. ЧЛЕНСТВО ... 25
6. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ... 29
6.1. Вовед ... 29
6.2. Систем за тргување БЕСТ- стабилност и фунционално управување ... 29
6.3. СЕИНет апликација – функционално и регулаторно управување ... 29
6.4. Broker Office апликацијата за позадинско брокерско работење – оперативна поддршка и оптимизација ... 30
6.5. Инфраструктура и сајбер-безбедност ... 30
6.6. Инцидент и управување со ризик ... 30
6.7. Развојна стратегија и технолошка модернизација ... 30
6.8. Кадар и организациски капацитет ... 31
6.9. Меѓународна соработка ... 31
7. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ ... 33
7.1. Годишно собрание на акционери ... 33
7.2. Активности поврзани со новите законски и подзаконски акти од обласа на пазарот на капитал ... 33
7.3. Акти на Берзата ... 34
7.4. Извештај за следење на усогласеноста на котираните акционерски друштва со кодексот за корпоративно управување ... 36
7.5. Внатрешна ревизија ... 37
7.6. Акти во врска со проблематиката за управување со ризици ... 37
7.7. Активности на Берзата околу промоција на ESG известувањето ... 38
7.8. Активности поврзани со безбедност и здравје при работа ... 38
7.9. Постапки за присилна наплата на побарувањата ... 38
7.10. Обновени дозволи за работење на брокер ... 39
7.11. Доставување одговори на поднесени барања и дописи ... 39
7.12. Управување со човечки ресурси ... 39
7.13. Известувања до Комисијата за хартии од вредност ... 39
8. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ... 41
8.1. Одржани предавања и презентации ... 41
8.2. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата ... 42
8.3. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонска берза ... 43

8.4. Едукативна работилница на тема „Од џепарлак до портфолио“ ....44
8.5. Денови на Финансиска писменост ....44
8.6. Меморандуми за соработка ....44
**9. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ....45**
9.1. Годишна конференција на Македонска берза....45
9.2. Инвеститорски ден на Берзата....46
9.3. Заеднички настан на Македонска берза и EBRD „Финансирајте се пазарно!“ ....47
9.4. Активности поврзани со БУМ Клубот....47
9.5. Годишни награди на Македонска берза за 2025 година....48
9.6. Глобална иницијатива “Ring the Bell for Gender Equality 2025“....50
9.7. Глобална иницијативата „Да заѕвониме за финансиска писменост“ ....50
9.8. Редизајнирана мобилна апликација СЕИНЕТ – ново дигитално искуство за пристап до објавите од котираните друштва на Македонска берза“ ....51
9.9. Примарен пазар на државни хартии од вредност....52
9.10. Анкета за котирани акционерски друштва....52
9.11. Соработка со Американската стопанска комора - прашалник за одржливо деловно окружување....52
9.12. Иницијатива за унапредување на финансиската писменост во општините....53
9.13. Подготовка за одбележување на 30 години од прв ден на тргување на Берзата...53
9.14. Донација за настраданите во Кочани....53
9.15. Промоција на продуктите на Берзата ....53
9.16. Соработка со медиуми ....54
**10. ОБЈАВИ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ ....54**
**11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....56**
11.1. Меѓународни активности ....56
11.2. Учество на меѓународни и регионални настани ....56
11.3. Македонска берза – Полноправна членка на Федерацијата на Евроазиски Берзи (FEAS) ....57
11.4. Дата вендори....57
**12. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА ....58**
**13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА ....59**
**ПРИЛОГ....65**
Биланс на состојба ....66
Биланс на успех ....67

# КОРПОРАТИВЕН ПРОФИЛ

## ПРОФИЛ

Македонска берза АД Скопје
Датум на основање: 13.09.1995
Датум на почеток на тргување: 28.03.1996
Единствен матичен број: 5062608
Даночен број: MK4030995184290

Македонската берза АД Скопје е основана во 1995 година и работи како акционерско друштво во приватна сопственост.

Основните принципи врз кои се темели работењето на Берзата се почитувањето на законските и подзаконските акти од областа на хартиите од вредност, како и обезбедувањето фер, ефикасно и транспарентно функционирање на пазарот на хартии од вредност.

## ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

**Претседател**
Тони Стојановски

**Неизвршни членови**
Ивана Гажиќ
Нина Неданоска
Михајло Брова Зиков
Славчо Филипчев

**Независни членови**
Горан Анастасовски
Иван Мишев

**Извршен член**
Иван Штериев, Главен извршен директор

## ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИ

Вкупно издадени хв: 2.792
Номинална вредност: 607,10 ЕУР
Вкупен број на акционери : 29 (со состојба 31.12.2025)
Домашни: 27
Странски: 2



## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2025 година ги содржи главните фактори коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2025 година (деловно окружување), основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, активностите во делот на информатичка и техничка поддршка на Берзата, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, податоци за надоместоците и примањата на членовите на Одборот на директори, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2025 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2025 година работењето на Македонска берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори од меѓународен и домашен карактер што го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза и имаа влијание врз тргувањето со хартии од вредност, а со тоа и врз нејзиното деловно работење:

- Светската економија во 2025 година во однос на претходната година забележа раст од 3,3% (2024 3,3%). Глобалната инфлација се очекува да продолжи да се намалува на 3,8% во 2026 година и 3,4% во 2027 година. Растот во САД од 2,1% беше особено силен во третиот квартал (достигнувајќи 4,3%), поттикнат од технолошките инвестиции во AI секторот. Во еврозоната растот е 1,4%, но перформансите беа нееднакви низ целиот регион. Во Франција растот беше 0,8%, додека Германија заостануваше со раст од само 0,2% поради пад на извозот. Во Јапонија растот изнесува 1,1%, во Кина 5,0%, додека Индија останува една од најбрзо растечките големи економии со раст од 7,3% [1];

- Примарните ризици ги вклучува продуктивноста на вештачката интелигенција, трговските политики, геополитичките тензии, фискалните слабости, осцилаторноста на пазарите на капитал и цените на енергијата. Постои загриженост околу очекувањата за зголемување на продуктивноста предизвикана од вештачката интелигенција т.е. дали истите се премногу оптимистички. Преиспитувањето би можело да доведе до нагло намалување на инвестициите и ненадејна корекција на пазарите на капитал. Новите трговските политики ја одбележаа 2025 година. Новововедените царини во одредени сектори или другите трговски мерки за критичните стоки (како ретки минерали) можат да создадат тесни грла во снабдувањето и да ги нарушат глобалните синџири на снабдување. Ескалацијата на конфликтите - особено на Блискиот Исток или Украина - предизвикуваат негативни шокови во снабдувањето, инфраструктурата и цените на стоките. Зголемените нивоа на јавен долг во големите економии се особен ризик, а загриженоста за фискалната одржливост може да ги покачи каматите и да ги заостри глобалните финансиски услови и да ја засили нестабилноста на пазарите. Зголемената зависност од инвеститори особено чувствителни на цените (како што се хеџ фондовите), и високата концентрација тргувањето на глобалните пазари на неколку технолошки фирми го зголемува ризикот од поостри поместувања на пазарите. Цените на енергенсите беа многу чувствителни, визави геополитичките шокови.[2]

- 2025 година заврши со пазарни цени на акциите на повисоки нивоа, особено на поголемите светски берзи, со главен акцент на американските пазари. Dow Jones на

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, Јануари 2026

[2] World Economic Outlook - Update, IMF, Јануари 2026

годишно ниво се зголеми за 13,69%, S&P500 за 17,25%, а NASDAQ Composite за 21,27%. Европските акции исто така имаа пораст – германскиот DAX ја заврши годината со раст од 23,01% и англискиот FT100 со раст од 21,51%.

- Проценките на Министерството за финансии се дека во 2025 година македонската економија ќе забележи раст на БДП од 3,5% (2024 3%).[3];

- Инфлацијата во Република Северна Македонија во текот на 2025 година сеуште беше на релативно високо ниво и е проценето дека ќе заврши на 3,9% [4] (2024 3,5%);

- Во текот на 2025 година Народната Банка, во два наврати направи олабавување на монетарна политика со поблаго намалување на каматна стапка на благајничките записи се' до 4% (2024 5,55%). Годишната пондерирана каматна стапка на дадени вкупни кредити во 2025 година изнесуваше 4,76% (2024 5,30%), додека за новоодобрените кредити пондерираната каматна стапка е 4,25% (2024 4,42%). Просечната пондерирана каматна стапка на вкупните депозити за 2025 година изнесуваше 2,36% (2024 2,17%), додека за новопримените депозити пондерираната каматна стапка е 2,36% (2024 2,78%);

- Во 2025 година приносот на најсигурните финансиски инструменти (едногодишни државни записи) се зголеми до ниво од 4% (2024 3,80%), постигнати на последната аукција во декември 2025 година. Каматните стапки во 2025 година имаа тренд на благо опаѓање што придонесе за намалување на негативно влијание на берзанските движења и на одреден прилив на вложувањата во хартии од вредност;

- Вредноста на средствата под управување на отворените домашни инвестициски фондови на крајот на 2025 година се зголеми за 34,68%, во однос на крајот на 2024 година, на износ од 475,64 милиони евра (2024 353,16 мил. евра). Најголем дел, 42,85% од средствата доверени на управување на фондовите се насочени кон паричните фондови. Во валутна структура, 42,7% од вкупните средствата под управување на отворените домашни инвестициски фондови се вложени во денари, 29% во евра, 22,1% во долари и остатокот од 6,2% во валути на други земји. Освен еден инвестициски фонд со негативен принос од 1%, сите инвестициските фондови имаат позитивни годишни стапки на принос (во ранг од 1,26% до 34,39%, и еден фонд (КБ Инвест - Златен фонд) со годишна стапка на принос од 112,23%. Кај задолжителните пензиските фондови, со оглед на инфлацијата, реалните стапки на принос за 2025 се движеа од 0,99% до 1,06%, додека износот на нето средствата под управување порасна за 15,65% во однос на крајот од 2024 година и достигнаа вредност од 3,06 милијарди евра;

- Во текот на 2025 на Берзата продолжи задоволителниот обем и квалитет на известувањата од страна на котираните друштва, а со тоа и на транспарентноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во целина. Во 2025 година беа објавени вкупно 2.002 објави преку СЕИ-Нет;

- Се задржа политиката на стабилен девизен курс;

- Институционалната пазарна инфраструктура беше функционална и ефикасна без никакви забележани позначајни предизвици Примената на новата законска регулатива се одложи за 2026 година

[3] “Макроекономски индикатори, ноември 2025,проекции на Министерството за финансии,”
[4] “Макроекономски индикатори, ноември 2025,проекции на Министерството за финансии,”

# 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 3.1. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Основни карактеристики на тргувањето во 2025 година беа:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2025 година изнесуваше 9.588.201.971 денари (околу 155,69 милиони евра) и бележи намалување од 28,46 % во споредба со 2024 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2025 година изнесуваше 5.064.692.951 денари (околу 82,23 милиони евра), што е за 29,89% помалку во споредба со 2024 година;

    - Прометот остварен со акции во 2025 година изнесуваше 5.002.293.299 денари (околу 81,22 милиони евра), и е за 27,86% намален во споредба со 2024 година;

    - Во 2025 година е остварен промет со обврзници од 62.399.652 денари (околу 1 милион евра) и бележи намалување за 78,49% во споредба со 2024 година;

| Промет (Денари) | Јануари - Декември 2024 | Јануари - Декември 2025 | % промена |
|---|---|---|---|
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | **7.223.877.617** | **5.064.692.951** | **-29,89** |
| АКЦИИ | 6.933.790.487 | 5.002.293.299 | -27,86 |
| ОБВРЗНИЦИ | 290.087.130 | 62.399.652 | -78,49 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 29.606.056 | 20.422.149 | -31,02 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 97 | 78 | -19,59 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | **5.705.662.720** | **3.328.530.393** | **-41,66** |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ | **472.578.442** | **667.805.028** | **41,28** |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ | **0** | **527.173.600** | **-** |
| **ВКУПНО** | **13.402.218.780** | **9.588.201.971** | **-28,46** |

- Во 2025 година на Берзата се реализирани 154 блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од 3.328.530.393 денари (околу 54,02 милиони евра), што е намалување од 41,66% во споредба со 2024 година;

- Во 2025 година не се реализирани трансакции преку продажби на акции по пат на јавни берзански аукции во сопственост на државата;

- Во 2025 година се реализирани 2 трансакции преку продажби на акции по пат на јавни берзански аукции за големи пакети во вкупна вредност од 667.805.028 денари (околу 10,86 милиони евра);

- Во 2025 година по пат на јавни понуди е реализиран промет во вкупна вредност од 527.173.600 денари (369.065.400 денари од трансакција на јавна понуда на обврзници и 158.108.200 денари од трансакции на јавни понуди со акции), односно околу 8,56 милиони евра (6,00 милиони евра од обврзници и 2,56 милиони евра од акции);

| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | Јануари - Декември 2024 | Јануари - Декември 2025 | % промена |
|---|---|---|---|
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | 23.492 | 19.398 | -17,43 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 254 | 154 | -39,37 |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ | 2 | 2 | 0,00 |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ | 0 | 62 | - |
| **ВКУПНО** | **23.748** | **19.616** | **-17,40** |

- Во структурата на прометот на Берзата остварен во 2025 година доминираат реализираните трансакции во БЕСТ системот на Официјалниот пазар со 52,48% учество во вкупниот промет, блок трансакциите имаат учество од 34,71%, јавните берзански аукции за големи пакети имаат учесто од 6,96%, јавните понуди имаат учесто од 5,50%, додека тргувањето со некотираните хартии од вредност во 2025 година беше незначително (само 0,34%);

- На крајот на 2025 година на Официјалниот пазар беа котирани акции на 90 друштва, од кои 24 друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација, 60 друштва на подсегментот Задолжителна котација и 6 друштва долгорочно суспендирани од котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 30.12.2025 година достигна 344,41 милијарди денари (околу 5,60 милијарди евра, што изнесува околу 33,16% од БДП) и бележи пораст од 0,78% во споредба со 2024 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува 19,62 милијарди денари (околу 319,10 милиони евра) и бележи намалување од околу 13,87% во споредба со 2024 година;

| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари)** | Јануари - Декември 2024 | Јануари - Декември 2025 | % промена |
|---|---|---|---|
| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ | **351.088.371.522** | **357.185.104.158** | **1,74** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 341.736.721.694 | 344.412.928.655 | 0,78 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 9.351.649.828 | 12.772.175.503 | 36,58 |
| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ | **22.784.294.768** | **19.624.731.157** | **-13,87** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **373.872.666.290** | **376.809.835.315** | **0,79** |

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 30.12.2025 година изнесуваше 10.054,59 што е за 1,43% помалку во однос на вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2024 година кога изнесуваше 10.200,91 поени.

| | Јануари - Декември 2024 | Јануари - Декември 2025 | % промена |
|---|---|---|---|
| МБИ10 | 10.200,91 | **10.054,59** | **-1,43** |
| ОМБ | 124,10 | **129,44** | **4,30** |
| БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА | 92 | **90** | **-2,17** |
| БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ | 244 | **248** | **1,64** |

На следниот график е прикажан споредбен приказ на вкупниот берзански промет во последната деценија.




## 3.2. КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ (БЕСТ СИСТЕМ)

Во текот на 2025 година на Берзата е остварен промет од “класичното” тргување во износ од 5.064.692.951 денари (околу 82,23 милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од “класичното” тргување на Берзата во 2025 година, во продолжение презентираме табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2025 година.

| *Месец* | *Официјален пазар* | | *Редовен пазар* | *Промет во денари* | *Промет во ЕВРА* | *Бр. на трансакции* | *Бр. на ден. на трг.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | | | | |
| I | 795.903.488 | 14.401.401 | 1.921.522 | 812.226.411 | 13.196.126 | 2.969 | 20 |
| II | 519.459.195 | 4.006.605 | 783.010 | 524.248.810 | 8.522.770 | 1.978 | 20 |
| III | 414.080.187 | 4.709.412 | 2.959.011 | 421.748.610 | 6.840.344 | 1.550 | 20 |
| **Q I** | **1.729.442.870** | **23.117.418** | **5.663.543** | **1.758.223.831** | **28.559.240** | **6.506** | **60** |
| IV | 413.382.492 | 10.215.678 | 4.158.511 | 427.756.681 | 6.946.023 | 1.605 | 20 |
| V | 490.949.192 | 8.836.031 | 621.404 | 500.406.627 | 8.115.671 | 1.828 | 21 |
| VI | 400.018.090 | 3.162.611 | 5.724.635 | 408.905.336 | 6.636.686 | 1.684 | 20 |
| **Q II** | **1.304.349.774** | **22.214.320** | **10.504.550** | **1.337.068.644** | **21.698.380** | **5.117** | **61** |
| VII | 324.753.143 | 4.520.527 | 2.509.595 | 331.783.265 | 5.380.636 | 1.216 | 23 |
| VIII | 270.934.999 | 1.210.849 | 136.852 | 272.282.700 | 4.424.967 | 1.024 | 20 |
| IX | 343.711.911 | 5.789.976 | 3.304.315 | 352.806.202 | 5.730.717 | 1.512 | 21 |
| **Q III** | **939.400.053** | **11.521.352** | **5.950.762** | **956.872.167** | **15.536.320** | **3.752** | **64** |
| X | 343.170.742 | 1.844.629 | 1.523.680 | 346.539.051 | 5.622.873 | 1.315 | 22 |
| XI | 380.206.995 | 1.145.782 | 4.747.169 | 386.099.946 | 6.274.089 | 1.415 | 20 |
| XII | 273.165.347 | 2.556.152 | 4.167.814 | 279.889.313 | 4.548.325 | 1.293 | 21 |
| **Q IV** | **996.543.084** | **5.546.563** | **10.438.663** | **1.012.528.310** | **16.445.388** | **4.023** | **63** |
| вкупно | **4.969.735.781** | **62.399.653** | **32.557.518** | **5.064.692.952** | **82.239.228** | **19.398** | **248** |




Движењето на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата во последната деценија е даден подолу:




## 3.3. СТРУКТУРА НА ПРОМЕТ ОД КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ ПО СЕГМЕНТИ

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2025 година (5,03 милијарди денари) е остварен преку 19.271 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 99,36%. Од тоа, 4,97 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (98,76%) при што се склучени 19.081 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 62,40 милиони денари (1,24%) и истиот е остварен преку 190 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (32,55 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2025 година со 0,64% и 127 трансакции. Прометот остварен на Редовниот пазар на Берзата со акции на подсегментот Слободен пазар изнесува 22,07 милиони денари (67,79%) при што се склучени 66 трансакции, додека прометот остварен со акции на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување изнесува 10,48 милиони денари (32,21%) при што се склучени 61 трансакции.

Структура на прометот




Структура на остварени трансакции




## 3.4. БЛОК ТРАНСАКЦИИ

### 3.4.1. АДМИНИСТРАТОРСКИ БЛОК ТРАНСАКЦИИ

Во 2025 година на Берзата беа пријавени вкупно 29 администраторски блок трансакции во вкупна вредност од 2.026.298.865 денари (околу 32,87 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| Официјален пазар | Берзанска котација | 1.790.490.313 | 29.045.642 | 22 |
| | Задолжителна котација | 76.078.620 | 1.236.918 | 3 |
| Редовен пазар | Слободен пазар | 159.729.932 | 2.594.567 | 4 |
| Вкупно | | 2.026.298.865 | 32.877.127 | 29 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 25 блок трансакции во вкупна вредност од 1,87 милијарди денари (30,28 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа реализирани вкупно 4 блок трансакции во вкупна вредност од 159,72 милиони денари (2,59 милиони евра).

### 3.4.2. СИСТЕМСКИ БЛОК ТРАНСАКЦИИ

Во 2025 година на Берзата беа склучени вкупно 125 системски блок трансакции во вкупна вредност од 1.302.231.528 денари (околу 21,15 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| Официјален пазар | Супер котација | 440.392.213 | 7.152.832 | 33 |
| | Берзанска котација | 724.858.865 | 11.775.163 | 79 |
| | Задолжителна котација | 65.155.500 | 1.058.112 | 8 |
| Редовен пазар | Слободен пазар | 71.824.950 | 1.164.711 | 5 |
| Вкупно | | 1.302.231.528 | 21.150.818 | 125 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 120 блок трансакции во вкупна вредност од 1,23 милијарди денари (19,98 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа склучени вкупно 5 блок трансакции во вкупна вредност од 71,82 милиони денари (1,16 милиони евра).

## 3.5. УЧЕСТВО НА СТРАНСКИ И ДОМАШНИ ИНВЕСТИТОРИ ВО ВКУПЕН ПРОМЕТ

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека 788.984.462 денари (околу 12,73 милиони евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (8,71%), додека 391.931.723 денари (околу 6,32 милиони евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (4,33%).




## 3.6. ИНДЕКСИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

### 3.6.1. МБИ10

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

- вредност на МБИ10 на 30.12.2025 изнесува 10.054,59 индексни поени, што значи намалување од 1,43% во споредба со вредноста на индексот постигната на 30.12.2024 година (10.200,91 индексни поени).
- највисока вредност на МБИ10 во 2025 година е постигната на 21.01.2025 година (11.050,29 индексни поени). Воедно, вредноста на МБИ10 на 21.01.2025 година е највисоката постигната вредност на индексот од почетокот на неговото пресметување (01.01.2005 година).
- најниска вредност на индексот во 2025 година е постигната на 20.06.2025 година (9.956,07 индексни поени).




| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 16.06.2025 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, ТТК Банка АД Скопје и Реплек АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија - 30.06.2025 година |
| 15.12.2025 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, ТТК Банка АД Скопје и Реплек АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија - 30.12.2025 година |

Процентуална промена на цените на елементите на МБИ10 во 2025 година



Подолу се презентира и приказ на движењето на МБИ10 од почетокот на пресметката на овој индекс.

Вредност на МБИ10 од неговото воведување
по години (со состојба 31.12)




## 3.6.2. ОМБ

- вредност на ОМБ на 30.12.2025 изнесува 124,99 индексни поени, што значи зголемување од 4,30% во споредба со вредноста на индексот постигната на 30.12.2024 година (124,10 индексни поени).
- највисока вредност на ОМБ во 2025 е постигната на 11.12.2025 година (124,99 индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2025 е постигната на 02.01.2025 година (123,97 индексни поени).



| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 24.03.2025 | Вонредна ревизија на Индексот ОМБ | RMDEN17, RMDEN18, RMDEN19, RMDEN21, RMDEN22 и RMDEN23 | Датум на имплементација на извршената ревизија – 25.03.2025 година. |
| 16.06.2025 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN17, RMDEN19, RMDEN20, RMDEN21, RMDEN22 и RMDEN23 | Датум на имплементација на извршената ревизија - 30.06.2025 година. |
| 15.12.2025 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN18, RMDEN19, RMDEN20, RMDEN21, RMDEN22 и RMDEN23 | Датум на имплементација на извршената ревизија - 30.12.2025 година. |

## 3.7. СТРУКТУРА НА ПРОМЕТОТ ПО ЧЛЕНКИ

Остварениот берзански промет во 2025 година е реализиран преку активностите на 11 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2025 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции.

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Вредност - блок | % Вредност - блок | Вредност - ЈБА (големи пакети) | % ЈБА (големи пакети) | Вредност - Јавни понуди | % (јавни понуди) | Вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Еурохаус АД Скопје | EH | 1.780.016.807 | 17,57 | 2.539.387.057 | 38,15 | 667.805.028 | 50,00 | 125.400 | 0,01 | 4.987.334.292 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 2.235.981.912 | 22,07 | 2.545.354.780 | 38,24 | 112.805.016 | 8,45 | 6.553.800 | 0,62 | 4.900.695.508 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 2.471.098.649 | 24,40 | 1.226.749.096 | 18,43 | 555.000.012 | 41,55 | 308.492.000 | 29,26 | 4.561.339.757 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 546.637.174 | 5,40 | 156.655.682 | 2,35 | 0 | 0,00 | 738.834.600 | 70,08 | 1.442.127.456 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | 906.439.251 | 8,95 | 120.156.550 | 1,80 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1.026.595.801 |
| Стопанска Банка АД Скопје | SB | 616.004.369 | 6,08 | 6.156.000 | 0,09 | 0 | 0,00 | 6.000 | 0,00 | 622.166.369 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 562.072.717 | 5,55 | 12.806.200 | 0,19 | 0 | 0,00 | 172.800 | 0,02 | 575.051.717 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 387.155.664 | 3,82 | 19.175.500 | 0,29 | 0 | 0,00 | 60.000 | 0,01 | 406.391.164 |
| ТТК Банка АД Скопје | TK | 342.209.590 | 3,38 | 30.619.920 | 0,46 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 372.829.510 |
| Шпаркасебанка АД Скопје | SP | 146.707.512 | 1,45 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 36.600 | 0,00 | 146.744.112 |
| Халк Банка АД Скопје | HK | 135.062.256 | 1,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 66.000 | 0,01 | 135.128.256 |
| **Вкупно** | | **10.129.385.901** | **100** | **6.657.060.785** | **100** | **1.335.610.056** | **100** | **1.054.347.200** | **100** | **19.176.403.942** |

Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Еурохаус АД Скопје со учество од 26,01%. На второ и трето место се Илирика Инвестментс АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје со учество од 25,56% и 23,79%, соодветно во 2025 година.




## 3.8. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ

Во текот на годината редовно се спроведуваа и други активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- воспоставување и отстранување на ценовни ограничувања (статички лимити);
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- внес на нови хартии за тргување во БЕСТ системот по барање на членки на Берзата, на подсегментот Слободен пазар (беа внесени 26 нови хартии од вредност);
- промена на назив на 2 друштва;
- Согласно податоците од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, беа блокирани акции издадени од 3 друштва (1 поради отворена стечајна постапка, додека останатите 2 друштва беа блокирани поради нивна преобразба во д.о.о.);
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за поддржувачи на ликвидност, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, достасување на

обврзници, отворени стечајни постапки над друштва, преобразба на друштво од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност и др.);

- изготвување и објава на календар на денови на тргување;
- ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар од состојба „тргува“ во состојба „отстранета“;

## 3.9. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на целата 2025 година редовно беа изготвувани надзорни прегледи за структурата и динамиката на прометот на дневно, неделно и месечно ниво, со цел што подобро разбирање и оценка на пазарните движења и трендови. Македонската берза АД Скопје вршеше редовна вонтеренска контрола на членките на Берзата од аспект на пазарните однесувања на одредена членка, брокер или инвеститорска сметка кои можат да претставуваат индикации за неправилност (значајно придвижување на цени на хартии од вредност, front running, специфични вкрстени трансакции, индиции за верижно тргување, повлекување од прекинувачки аукции и сл.). Исто така, Берзата вршеше редовно следење на пазарните случувања и изготвуваше разни интерни статистички и други континуирани прегледи во насока на што подобро разбирање и оценка на пазарните движења и трендови.

Врз основа на извршените контроли во 2024 година, на почетокот на 2025 година Берзата испрати укажување кон една членка кај која имаше наоди од вонтеренска контрола и препорака кон сите членки да воведат соодветен механизам на двојна контрола при извршување на налози од директорот на членката (како вработено лице) и/или известување за трансакции од директорот до адекватна повисока инстанца во управувачката структура. Воедно, Берзата кај една членка изврши дополнителна проверка на работењето, имајќи ги предвид претходните наоди од извршена вонтеренска контрола.

Согласно Програмата за работа на Македонска берза во 2025 година, Берзата изврши вонтеренски контроли на членките базирани на проценка за ризичноста на работењето. Области-предмет на контрола беа:

- проверка на начинот на ракување со лимитираните налози со инструкции
- налози од лица вработени во членките
- увид во извршената резервација на хартии од вредност во ЦДХВ за продажните налози кои во моментот на контролата биле активни во книгата на налози.

За извршените контроли, како и за наодите и констатациите од истите Берзата изготви збирен Извештај од вонтеренските контроли кој беше разгледан од Одборот на директори и врз основа на кој беше заклучено да се испрати писмо до сите членки со општа препорака при давањето на лимитирани налози со инструкции од страна на клиентите инструкциите да бидат што подетални во однос на начинот на нивното извршување, односно да не постои можност за толкување во однос на начинот и квалитетот на нивното извршување.

Во текот на годината, Берзата испрати допис до Комисијата за хартии од вредност, со кој ја извести за склучена трансакција во која од куповната и од продажната страна се јавува клиент со ист број на сметка од ЦДХВ. Согласно Правилата за тргување, Берзата ја поништи оваа трансакција.

# КОТАЦИЈА



# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА

На почетокот од 2025 година на Официјалниот пазар на Македонската берза бројот на друштва кои имаат котирани обични акции изнесуваше 92, со пазарна капитализација од 341,74 милијарди денари, како и 215 обврзници (211 државни и 4 корпоративни) со пазарна капитализација од 22,78 милијарди денари.

На крајот од 2025 бројот на друштва кои имаат котирани обични акции се намали на 90 (исклучени од котација беа обичните акции на 2 друштва, Герас Цунев Трговија АД Струмица и Герас Цунев Конфекција АД Струмица, поради трансформација во д.о.о.е.л.), со пораст од 0,78%. на пазарната капитализација на 344,41 милијарди денари.
На крајот од 2025 година бројот на котирани обврзници е 220 (217 државни обврзници и 3 корпоративни обврзници) со пазарна капитализација од 19,62 милијарди денари, што претставува пад од -13.87%. Треба да се напомене дека во пресметката на пазарната капитализација на обврзниците се земаат обврзниците со кои некогаш имало тргување.

Во текот на 2025 година на подсегментот Берзанска котација – други хартии од вредност котирани се три перпетуални обврзници кои на крајот од 2025 година немаа пазарна капитализација.

## 4.2. КОТАЦИЈА НА НОВИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 4.2.1. Котација на структурни државни обврзници

Во текот на 2025 година не беше котирана ниту една државна структурна обврзница. За прв пат после долг временски период не беше издадена нова емисија на обврзници за денационализација.

### 4.2.2. Котација на континуирани државни обврзници

Согласно потпишаниот Договор помеѓу Министерството за финансии на РСМ и Македонска берза АД Скопје, во 2025 година на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје беа примени на котација 26 емисии на државни обврзници во вкупен номинален износ од 32.761.460.000 денари (2024 - 54.162.270.000). Една од тие 26 емисии беше и граѓанската обврзница со шифра G191227 со номинален износ на емисијата од 2.029.140.000 денари (32,99 милиони евра) наменета само за физички лица.

### 4.2.3. Котација на корпоративни обврзници

Во текот на 2025 година беа примени на котација две корпоративни обврзници, првата со шифра СКВКО2 издадена од Централна кооперативна банка АД Скопје со номинален износ од 6 милиони евра и втората со шифра ТТКО3 издадена од ТТК Банка АД Скопје со номинален износ од 1 милион евра.

### 4.2.4. Котација на други хартии од вредност

Во текот на 2025 година беше примена на котација перпетуалната обврзница со шифра UNIPO4 издадена од УНИ Банка АД Скопје во вкупен износ од 5 милиони евра.

## 4.3. ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД КОТАЦИЈА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

- Заради стечај на друштвото СН Осигурителен брокер АД Битола, почнувајќи од 26.05.2025 година, беа исклучени од котација корпоративните обврзници од издавачот со шифра на тргување SNBTO;
- поради трансформација на друштвата во друштва со ограничена одговорност (д.о.о.е.л), беа исклучени од котација акциите издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица со ИСИН MKGECT101013 и со шифра GECT и Герас Цунев Конфекција АД Струмица со ИСИН MKGECK101012 и со шифра GECK;
- Заради достасување на 01.06.2025 беше отстранета од тргување Четиринаесеттата емисија на обврзници за денационализација (со шифра на тргување RMDEN14) издадена од Република Македонија;
- Заради достасување, беа отстранети 27 емисии на континуирани обврзници издадени од Република Северна Македонија во вкупна номинална вредност од 30.402.080.000 денари (2024 - 19.922.230.000).
- Заради достасување беше отстранета од тргување корпоративната обврзницата издадена од Централна кооперативна Банка АД Скопје со шифра CKBKO.

## 4.4. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ПРАВИЛАТА ЗА КОТАЦИЈА

### Долгорочна суспензија од котација

За пет друштва, АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, Благој Туфанов АД Радовиш, Трудбеник АД Охрид, Тајмиште АД Кичево и Агромеханика АД Скопје на сила беше мерката за долгорочна суспензија од котација. Во текот на 2025 година немаше промена во статусот на овие друштва.

За друштвото Жито Караорман АД Кичево Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 21.11.2025 година донесе Одлука за долгорочна суспензија од котација, поради континуирано неисполнување на обврските согласно Правилата за котација. Одлуката стана правосилна на 23.12.2025 година.
Бројот на друштва долгорочно суспендирани од котација, на крајот на годината се зголеми на шест.

### Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментот Берзанска котација

Во текот на 2025 година беа испратени 5 укажувања од Главниот извршен директор до 5 котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Во текот на 2025 година Одборот на директори на Берзата изрече 2 мерки укажување од Одбор на директори на 2 котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Во текот на 2025 година Одборот на директори на Берзата изрече мерка опомена од Одбор на директори на 1 котирано друштво заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Одборот на директори изрече 12 мерки јавна опомена преку интернет страната на Берзата на 4 друштва.

## Преземени мерки кон друштва котирани на подсегментот Задолжителна котација

Во текот на 2025 година заради непочитување на одредбите од Правилата за котација:

- на 9 котирани друштва им беа испратени укажувања од Главниот извршен директор;

- Одборот на директори на Берзата изрече мерки :
  - укажување на 7 котирани друштва
  - опомена од Одбор на директори  на 4 котирани друштва.

Во текот на 2025 година Одборот на директори изрече:

- 29 мерки јавна опомена преку интернет страната на Берзата на 16 котирани друштва;
- мерка внес на Листа за набљудување на 1 котирано друштво, согласно член 57 од Правилата за котација.

## Привремен прекин со тргување на акции

Во текот на 2025 година немаше привремен прекин на тргувањето со акции по ниту еден основ.

## Листа за набљудување

На Листата за набљудување се внесуваат издавачи кои котираат на Официјалниот пазар поради:
а) изречена мерка од страна на Берзата - во случаи на посериозно непостапување од страна на издавачот согласно барањата утврдени во Правилата за котација ; или
б) обрнување на внимание на инвеститорската јавност за определени актуелни состојби поврзани со конкретниот издавач - во случаи на поспецифични ситуации поврзани со хартиите од вредност или со работењето на издавачот.

Во 2025 година во Листата за набљудување на веб страната на Берзата беа внесени 7 котирани друштва, согласно член 61-а од Правилата за котација заради информирање на инвеститорите дека треба да обрнат внимание на одредени специфични ситуации поврзани со нивните хартии од вредност или пак за издавачот и тоа:

- РЖ Економика АД Скопје со почеток од 10.01.2025 година, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што за друштвото беше објавена намера за преземање на друштвото;
- СН Осигурителен Брокер АД Битола со почеток од 18.03.2025 година, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што друштвото објави дека му е одземена дозвола за работа;
- Стопанска банка АД Битола со почеток од 21.05.2025, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што за друштвото беше објавена намера за преземање на друштвото;
- Жито Караорман АД Кичево со почеток од 26.05.2025 година, согласно член 57 од Правилата за котација поради неисполнување на обврските од Правилата за котација во континуитет;
- Оранжерии Хамзали АД Струмица со почеток од 11.06.2025 година, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што друштвото објави одлука за преобразба во д.о.о.;

- Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје со почеток од 18.08.2025, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што за друштвото беше објавена намера за преземање на друштвото;
- Фабрика Карпош АД Скопје со почеток од 23.12.2025, согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што за друштвото беше објавена намера за преземање на друштвото;

Во текот на 2025 од Листата за набљудување на веб страната на Берзата беа отстранети 5 котирани друштва:

- На 02.06.2025 година бришење на издавачот РЖ Економика АД Скопје - завршена постапката за преземање на друштвото.
- На 27.10.2025 година бришење на издавачот Стопанска Банка АД Битола - заврши постапката за преземање на друштвото.
- На 28.10.2025 година Берзата бришење на издавачот Герас Цунев Конфекција АД Струмица - хартиите од вредност на друштвото беа исклучени од котација.
- На 28.10.2025 година бришење на издавачот Герас Цунев Трговија АД Струмица - хартиите од вредност на друштвото беа исклучени од котација.
- На 11.11.2025 година бришење на издавачот Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје - заврши постапката за преземање на друштвото.

Во продолжение е Листата за набљудување на веб страната на Берзата со состојба на 31.12.2025 година.

| ИЗДАВАЧИ СО ПОСЕРИОЗНИ НЕПОСТАПУВАЊА ВО ОДНОС НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ОБВРСКИТЕ ПО ПРАВИЛАТА ЗА КОТАЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на внесување** | **Издавач** | **Шифра на ХВ** | **Основ за внесување** | **Причина за внесување** |
| / | / | / | / | / |
| **ИЗДАВАЧИ СО ПОСПЕЦИФИЧНИ СИТУАЦИИ И НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ИЛИ НИВНОТО РАБОТЕЊЕ** | | | | |
| **Датум на внесување** | **Издавач** | **Шифра на ХВ** | **Основ за внесување** | **Причина за внесување** |
| 11.11.2020 | ЖАС АД Скопје | ZAS | член 61-а од Правила за котација | • објава на издавачот дека нема деловна активност<br>• објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје | RZIT | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Стокопромет АД Скопје | STOK | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 12.8.2022 | Неметали Огражден АД Струмица | NEME | член 61-а од Правила за котација | донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о |
| 11.6.2025 | Оранжерии Хамзали АД Струмица | ORAN | член 61-а од Правила за котација | донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о. |
| 23.12.2025 | Фабрика Карпош АД Скопје | KPSS | член 61-а од Правила за котација | објавена намера за преземање на друштвото |

## 4.5. ОБЈАВЕНИ ИЗВЕСТУВАЊА ПРЕКУ СЕИ-НЕТ

| Објави на СЕИ-Нет во 2025 | Супер котација и Берзанска котација | Задолжителна котација | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ***Број на друштва кои имаат котирани хартии од вредност*** | ***24*** | ***66*** | ***90*** |
| Други ценовно чувствителни информации | 329 | 414 | 743 |
| Информации поврзани со Собрание на акционери и одлуки на органите на управување | 232 | 438 | 670 |
| Објави поврзани со финансиски извештаи | 163 | 376 | 539 |
| ВКУПНО | 724 | 1.228 | 1.952 |

Во текот на 2025 година беа направени и 50 објави преку СЕИ-Нет од страна на друштва кои беа исклучени од котација во текот на годината, со што бројот на вкупни објави преку СЕИ-Нет е 2.002 објави. Од 66 друштва на сегментот Задолжителна котација, 6 друштва се долгорочно суспендирани од котација и тие немаат обврска да објавуваат известувања.

### Кодекс за корпоративно управување

Примената на Кодексот е задолжителна за сите котирани акционерски друштва што исполнуваат одредени квантитативни критериуми пропишани во Правилата за котација. Применувањето на Кодексот се базира на принципот „примени или појасни зошто не си применил“. Овој принцип има за цел да им овозможи на друштвата одредена флексибилност при имплементирање на практиките утврдени и пропишани во новиот Кодексот.

Согласно член 42-а и член 63-а од Правилата за котација, Берзата на својата интернет страница го објави ажурираниот список на акционерски друштва со состојба на 31.12.2025, коишто имаат обврска за примена на Кодексот. Во продолжение е листата на друштва што имаат обврска да известат во 2026 година за примената на Кодексот за корпоративно управување со состојба 31.12.2025 година.

1. Алкалоид АД Скопје
2. Гранит АД Скопје
3. Комерцијална Банка АД Скопје
4. Македонијатурист АД Скопје
5. Макпетрол АД Скопје
6. Макстил АД Скопје
7. НЛБ Банка АД Скопје
8. Стопанска банка АД Скопје
9. ТТК Банка АД Скопје
10. УНИ Банка АД Скопје
11. АЛТА банка АД Битола
12. ВВ Тиквеш АД Кавадарци
13. Витаминка АД Прилеп
14. ЗК Пелагонија АД Битола
15. Вабтек МЗТ АД Скопје

16 Македонски Телеком АД Скопје
17 Прилепска пиварница АД Прилеп
18 Реплек АД Скопје
19 Тетекс АД Тетово
20 Тутунски комбинат АД Прилеп
21 Фершпед АД Скопје
22 Цементарница УСЈЕ АД Скопје
23 Адинг АД Скопје
24 Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје

За разлика од минатата година, друштвото Либерти АД Скопје повеќе не ги исполнува критериумите за задолжителна примена на Кодексот на корпоративно управување, додека друштвото Вабтек МЗТ АД Скопје за првпат ги исполни утврдените критериумите за задолжителна примена и се најде на овој список.

## Избор на акционерски друштва- кандидати за доделување на наградата Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2025 година

Во текот на 2025 година, беа спроведени активностите за избор на кандидати за доделување на наградата „Најтранспарентно котирано акционерско друштво" за најтранспарентни котирани друштва на Официјалниот пазар на Македонската берза за 2025 година.

При разгледувањето на транспарентноста и објавувањето на информации на котираните друштва преку СЕИ-Нет, Кандидационата комисија ја имаше предвид нивната транспарентност во текот на 2025 година, особено бројот на објавените известувања преку СЕИ-Нет и нивниот квалитет, квалитетот на објавениот годишен извештај за работењето на друштвото, квалитетот на интернет страницата на друштвото и друго.

По спроведување на наведеното се продолжи со активностите во насока на гласање од страна на учесници во изборот: пазарни учесници и медиумите, по што беа избрани добитниците на наградата „Најтранспарентно котирано акционерско друштво " за 2025 година во двете категории.

Во 2025 година кандидационата комисија номинираше 10 кандидати за најтранспарентно котирано акционерско друштво, а од номинираните 10 кандидати се бираа две награди за најтранспарентно котирано акционерско друштво. Едната награда по избор на пазарните учесници и другата награда по избор на медиумите.

# ЧЛЕНСТВО



# 5. ЧЛЕНСТВО

Во текот на 2025 година, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 11 членки на Берзата (6 банки и 5 брокерски куќи), преку кои тргуваа 32 овластени брокери со пристап до БЕСТ системот со состојба на 31.12.2025 година. Во текот на годината беа евидентирани позачестени промени во кадровската структура на членките, односно неколку брокери преминаа од една во друга членка.

Во текот на годината, Берзата остваруваше активна соработка со членките преку испраќање на известувања и одржување на состаноци, со цел нивно информирање за новини и измени поврзани со тргувањето со хартии од вредност и членството, како и со цел разменување на идеи и предлози за подобрување на пазарните услови и функционирањето на берзанската инфраструктура.

На барање на членките, Берзата организираше полагање на испити за познавање на БЕСТ системот за нововработените брокери и вршеше активирање/суспендирање/укинување на правата за користење на БЕСТ системот од страна на овластените брокери. Берзата континуирано обезбедуваше и help-desk поддршка на членките при користење на софтверскиот систем за брокерско работење.

Исто така, во последниот квартал од 2025 година, беше извршена проверка на исполнувањето на континуираните услови за членство од страна на членките на Берзата согласно Правилата за членство. Врз основа на извршената проверка беше констатирано дека членките ги исполнуваат континуираните услови за организациона, кадровска и техничка усогласеност, при што со цел подобрување во одредени области беа упатени и одредени препораки до членките.

**Преглед на активни членки на 31.12.2025 година**

| Членка | Шифра на членка | Активности кои ги врши членката согласно член 94 од ЗХВ | Број на брокери |
|---|---|---|---|
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | сите услуги со хартии од вредност | 3 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | сите услуги со хартии од вредност<br>освен дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност) | 6 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител на котација<br>чување на хартии од вредност<br>преземање на акционерски друштва<br>тргување на странски пазари<br>вршење дополнителни услуги за издавачите | 3 |
| Шпаркасе банка АД Скопје | SP | | 3 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | чување на хартии од вредност<br>преземање на акционерски друштва<br>тргување на странски пазари | |
| **Халк Банка АД Скопје** | HK | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>чување на хартии од вредност<br>преземање на акционерски друштва<br>вршење дополнителни услуги за издавачите | 2 |
| **Илирика Инвестментс АД Скопје** | IL | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>инвестициско советување<br>покровител за котација<br>тргување на странски пазари | 4 |
| **ТТК Банка Скопје** | TK | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>преземање на акционерски друштва | 2 |
| **Еурохаус АД Скопје** | EH | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>покровител за котација<br>тргување на странски пазари | 2 |
| **Иново Брокер АД Скопје**<br>**Фершпед Брокер АД Скопје** | IN<br>FR | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>покровител за котација | 2<br>2 |

## Видови услуги на хв и број на членки што ги извршуваат истите





# АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДРШКА

# 6. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДРШКА

## 6.1. ВОВЕД

Во текот на 2025 година Секторот за информатичка и техничка поддршка обезбеди целосна оперативна стабилност на клучните системи на Берзата, реализираше повеќе продукциски надградби без прекин во работењето и започна стратешка модернизација на апликативната и инфраструктурната архитектура.

Фокусот во работењето на Берзата во овој домен беше ставен на:

- стабилност и сигурност на БЕСТ системот,
- унапредување на апликативните решенија,
- зголемување на сајбер-безбедноста и усогласување со NIS2 и DORA,
- модернизација на инфраструктурата,
- јакнење на човечкиот капацитет,
- проширување на меѓународна соработка.

Годината помина без критични системски прекини.

## 6.2. Систем за тргување БЕСТ- стабилност и фунционално управување

Во текот на 2025 година беа реализирани повеќе надградби на системот за тргување БЕСТ, со успешна продукциска имплементација и без оперативен ризик.

Клучни резултати:

- имплементирани нови функционалности (локализација, проширена евиденција, нови проверки при ревизии на индекс),
- воведена функционалност за детекција на трансакции со иста куповна и продажна сметка,
- успешно спроведена миграција на структурни промени во базата на податоци,
- отстранет идентификуван проблем во Trading Engine модулот,
- надградени Trading Gateway и FIX Gateway серверите на Windows Server 2022.

Сите надградби беа реализирани без прекин на тргувањето и истите не влијаеа на непреченото работење на членките.

## 6.3. СЕИНет апликација – функционално и регулаторно управување

Во текот на годината продолжи стабилизацијата и развојот на нови функционалности на СЕИНет апликацијата.

Реализирани активности:

- отстранување на кориснички забелешки и технички подобрувања,
- развој на API интеграции за мобилна апликација,
- функционалност за замена на документи во објавени информации,
- имплементација на „раздвојување на одговорности“ (во тест фаза).

Со овие активности се зголеми безбедносната усогласеност и контролата на пристап во оваа системска апликација.

## 6.4. Broker Office апликацијата за позадинско брокерско работење – оперативна поддршка и оптимизација

Во текот на 2025 година Берзата обезбеди континуирана поддршка на членките на Берзата во делот на Broker Office апликацијата за позадинско брокерско работење, при што беа преземени следните клучни активности:

- решавање на барања поврзани со истечени налози од offline пазари,
- оптимизација на база на податоци за членка со голем број клиенти (FIFO модул),
- подобрување на перформансите преку индексирање.

Немаше евидентирани системски застои поврзани со Broker Office апликацијата.

## 6.5. Инфраструктура и сајбер-безбедност

Во 2025 година беа реализирани значајни инфраструктурни и безбедносни активности. Иситите може да се поделат во две групи, и тоа:

Активности поврзани со заедничкиот дата центар на Берза и ЦДХВ:
- миграција на нови firewall уреди,
- реконфигурација на Veeam backup системот,
- надградби на мрежна и безбедносна опрема,
- континуиран мониторинг на FortiGate системи,
- реконфигурација на VPN конекции со надворешни партнери.

Активности поврзани со работењето на инфраструктурата во дата центарот на Берзата
- поставување нова WiFi инфраструктура,
- инсталација на нови мрежни свичеви,
- поставување Proxmox виртуелна платформа,
- виртуелизација на backup сервер,
- имплементација на централизирано управување со лозинки,
- поставување Docker кластер,

Во четвртиот квартал беше имплементиран centralized identity-based secrets management сервер, со цел усогласување со NIS2 и DORA барањата и зајакнување на заштитата на чувствителни податоци.

## 6.6. Инцидент и управување со ризик

Во вториот квартал беше евидентиран инцидент со Alletra storage системот во заедничкиот дата центар на Берзата и ЦДХВ, при што производителот не го испочитува SLA рокот.

Како компензација беше договорено продолжување на поддршката до септември 2028 година. Инцидентот не предизвика оперативен прекин.

## 6.7. Развојна стратегија и технолошка модернизација

Во текот на годината започна развој на сопствени програмски библиотеки базирани на современи архитектонски модели (Result pattern, Mediator pattern, Web API, Blazor компоненти).

Поставен е прототип систем како основа за нова генерација апликативна архитектура, со цел:
- зголемена одржливост,
- типска безбедност,

- подобрена повторна употребливост на компоненти,
- повисоко ниво на безбедност.

Овие активности претставуваат долгорочна инвестиција во технолошка независност и модернизација. Со нив се обезбеди релативно брз и стандардизиран развој на нови апликативни решенија при што основните функционалности како што се автентификација, авторизација, лоцализација, пристап до базите на податици со ревизорска трага за евентуалните промени се однапред дефинирани и издвоени во посебен сегмент.

### 6.8. Кадар и организациски капацитет

Во текот на 2025 од аспект на кадровската одганизиранот во Секторот за информатичка и техничка поддршка повторно се појави предизвик, т.е. беше испразнета позицијата на систем администратор. Овој предизвик беше успешно надминат во Март 2025 година кога беше вработен нов систем администратор. Со новиот систем администратор беа реализирани специјализирани обуки за:

- системот за тргување,
- мрежна инфраструктура,
- firewall системи,
- инфраструктурна администрација.

Со ова се зголеми оперативниот капацитет и се намали зависноста од поединечни носители на знаење. Воедно, во текот на вториот квартал, беше прифатен еден волонтер кој беше насочен кон развој и тестирање на новите програмски библиотеки.

### 6.9. Меѓународна соработка

Во текот 2025 продолжи соработката со берзата од Тирана каде Македонската Берза го одржува нивниот систем за тргување на комерцијална основа. Исто така, во месец Декември се пристапи кон драфтирање на договор / финансиска понуда за одржување на системот за тргување на берзата *Bourse Régionale des Valeurs Mobilières* (BRVM - регионална берза за 8 држави членки од Економската и монетарна заедница на Западна Африка - WAEMU). По добивање на евентуалните забелешки од страна на BRVM и разгледување на истите се планира потпишување на истиот на почетокот од 2026 година. Со ова Секторот за информатичка и техничка поддршка ќе ги преземе сите чекори за превентивно и инвестициско одржување на системот за тргување во оваа берза.



# ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

# 7. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во оваа област на нејзиното работење во текот на 2025 година сумарно се одвиваа во следните пунктови:

## 7.1. ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Седницата на Годишното Собрание на акционери на Берзата се одржа на 28.05.2025 година. И оваа година, како и минатата, во поканата за 41-тата седница за Годишното собрание на акционерите на Берзата им беше укажано на законската можност за кореспондентско гласање по точките од дневниот ред за седницата. Во таа смисла, во рамки на поканата и материјалите за седницата на собранието кои на акционерите им беа доставени во електронска форма по препорачана пошта, беа доставени и соодветни инструкции и обрасци за кореспондентско гласање.

На седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата беа усвоени одлуки/разгледани материјали од следните области:

**ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ**

- Одлука за усвоување на Извештајот за работа на Македонска берза АД Скопје во 2024 година
- Одлука за донесување на Програмата за работа на Берзата за 2025 година

**ФИНАНСИИ И РЕВИЗИЈА**

- Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2024 година
- Разгледување на Извештајот на независните ревизори за 2024 година
- Одлука за усвојување на ревидираните финансиските извештаи на Берзата за 2024 година;

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ**

- Одлука за распоредување на добивката за 2024 година:
- Одлука за исплата на дивиденда и утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2024 година

**ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

- Разгледување Годишниот извештај за внатрешна ревизија на Берзата за 2024 година

**РАБОТЕЊЕ НА ОДБОРОТ**

- Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2024 година, колективно и од аспект на поединечни членови
- Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Одборот во 2024 година

## 7.2. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО НОВИТЕ ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ

Во врска со Законот за финансиски инструменти и Законот за проспекти и транспарентност на издавачите донесени во 2024 година коишто требаше да започнат да се применуваат во Септември 2025 година, во текот на вториот квартал од годината, од Министерството за финансии беше доставено барање за искажување на согледувања, мислења или конкретни предлог решенија на Берзата за новите закони, со цел подобрување на текстот на истите, како и олеснување на нивната имплементација. Берзата достави предлози за измени и дополнувања на законите со кои се предложи прецизирање/изменување на одредени одредби или регулирање на прашања кои не беа опфатени со донесените закони, а за кои беше проценето дека е потребно да бидат дорегулирани заради обезбедување на континуитет во функционирањето на некои аспекти од пазарот на капитал.

Кон средината на годината, по барање на учесниците на пазарот и со поддршка од Министерството за финансии, беше одложено применувањето на новите закони за една година. Применувањето на истите ќе започне во Октомври 2026 година. Одлагањето на примената за законите се направи со цел ревидирање на текстовите на истите што се наметна како потребно поради сложеноста и големиот број на новини кои овие закони ги предвидуваат, како за пазарот и пазарните учесници, така и за издавачите на финансиски инструменти. Оттука, во меѓувреме треба да се подготват одредени предлог измени на законите кои би требало да се донесат пред истите да започнат да се применуваат во 2026 година.

Со цел ревидирање на законите и подготвување на предлозите за измени на истите, од страна на Министерство за финансии беа формирани работни групи, во кои освен претставници на Министерството, свои претставници номинираа и Берзата, Централниот депозитар, Комисијата за хартии од вредност, Комисијата за работа со хартии од вредност при Македонската банкарска асоцијација и Народната банка на РСМ. Кон крајот на година се одржаа првите состаноци на работните групи на кои беше презентиран планот за работа и се започна со разгледување на забелешките кои претходно беа доставени до Министерството за финансии. Работните групи продолжуваат со работа во наредната година.

Исто така, во текот на година во неколку наврати на интернет страницата на Комисијата за хартии од вредност на јавна расправа беа објавувани предлог-правилници кои произлегуваат од новите закони на кои Берзата навремено доставуваше свои коментари и забелешки, при што најголемиот број од нив беа прифатени од страна на Комисијата.

## 7.3. АКТИ НА БЕРЗАТА

Со цел подобрување на актите на Берзата, нивно прилагодување на нови состојби, усогласување со законските прописи, како и во насока на креирање на поповолен амбиент и воведување на повисоки стандарди на македонскиот пазар на хартии од вредност, во текот на 2025 година, Берзата донесе нови акти, односно измени и дополнувања на постојните.

### 7.3.1. Измени на Тарифникот за висина на надоместоци на Берзата

Беа направени измени на Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата кои произлегоа од укажувањето од страна на Виенска берза во рамки на долгогодишната билатерална соработка во делот на дистрибуција на берзански податоци од тргување на странски корисници, односно потребата од прилагодување на висината на овие надоместоци со стапката на инфлација објавена од Европската Централна банка. Измените на Тарифникот беа направени во насока дека надоместоците за дистрибуција на податоци од тргување на странски корисници кои се утврдени во важечкиот Тарифник ќе претставуваат минимални надоместоци коишто во иднина треба да се наплаќаат при дистрибуција на берзанските информации на странски корисници и конечниот износ на истите да се утврдува на договорна основа, при што истиот не може да изнесува повеќе од двојниот износ на минималните надоместоци. Комисијата даде согласност на ваквиот начин на утврдување на овие надоместоци.

### 7.3.2. Измени и дополнувања на Правила за тргување на берзата

По задолжувањето од страна на Комисијата за хартии од вредност, беше направена измена во Анексот 1 од Правилата за тргување на Берзата во кој е регулирано реализирањето на блок трансакциите, согласно која во иднина, при пресметката на цената на администраторските блок трансакции, како основ за утврдување на ценовните ограничување ќе се земе пондерираната просечна цена на сите трансакции со тие акции на Берзата, не вклучувајќи ги администраторските и системските блок трансакции, во последните 30 трговски денови.

### 7.3.3. Толкување на Правилата за котација на берзата

Комисијата за хартии од вредност во неколку наврати доставуваше дописи до Берзата во врска со примената на Правилата за котација, поврзани со известувањата за тргување со акции на членови на органите на управување и надзор на издавачите, како и со образложенијата кон финансиските резултати кои друштвата (котирани на подсегментите Берзанска и Супер котација) се должни да ги објавуваат. После направените анализи на состојбата со известувањата на котираните друштва, беа направени толкувања на одредбите од член 34, алинеја 7 и член 40, точка 4 од Правилата за котација на Берзата, кои ги регулираат прашањата опфатени во претходно доставените дописи од Комисијата за хартии до вредност.

Толкувањето на членот 34, алинеја 7 од Правилата за котација е направено во насока на објавување на подетални информации при купување/продавање на акциите од друштвото од страна на членовите на органите на управување и надзор преку образец пропишан од страна на Берзата, а толкувањето на член 40, точка 4 од Правилата за котација е направено во насока попрецизно и целосно известување на издавачот при објавување на образложението кон финансиските извештаи преку произнесување за секоја одредба од точката 4 на овој член.

Донесените заклучоци за толкување на Правилата за котација започнаа да се применуваат од 01.01.2026 година, а со цел подетално информирање на котираните друштва беше организиран и вебинар во текот на месец декември на кој беа дадени насоки за примена на истите.

### 7.3.4. Измени и дополнувања на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места

Во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на Берзата беа направени измени со кои се предвиде дека Одборот на директори може да именува помошник на Главниот извршен директор. Помошникот се именува по предлог на Главниот извршен директор од редот на секторските директори на Берзата, со цел обезбедување на административна и организациска поддршка и асистенција на Главниот извршен директор при извршување на активности кои што не се во изречна надлежност на функцијата извршен директор согласно Законот за трговски друштва, Законот за хартии од вредност и Статутот на Берзата. Во таа насока, беше донесена и Одлука за именување на помошник на Главниот Извршен директор, согласно која за помошник беше именувана Каролина Кароска Божиноска, Директор на Секторот за развој, промоција и односи со јавност.

### 7.3.5. Процедури за доделување на годишни награди

Имајќи ја предвид големата атрактивност и визибилност на годишните награди на Берзата помеѓу нејзините членки, котираните друштва и пошироката јавност, во текот на годината се донесоа нови Процедури за доделување на годишни награди, во кои, се направија одредени измени со кои се допрецизираа критериумите за наградување, се редефинираа категориите на годишните награди и поради персонални промени во институциите чии претставници беа членови на комисиите, се именуваа нови претставници на истите. Врз основа на овие процедури беа доделени годишните награди на Берзата за 2025 година.

## 7.4. ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА НА КОТИРАНИТЕ АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО КОДЕКСОТ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Во текот на извештајниот период беше извршена анализа на Прашалниците кои котираните компании ги објавија преку СЕИ-Нет согласно обврските за тоа од Правилата за котација, а кои се однесуваат на почитувањето на Кодексот за корпоративно управување од страна на овие друштва и нивните корпоративни практики во 2024 година.

Врз основа на извршената анализа беше изработен третиот по ред Извештај за следење на усогласеноста на котираните акционерски друштва со Кодексот за корпоративно управување. Со цел да се нотира трендот во усогласеноста на друштвата со Кодексот, во овој трет Извештај се презентираше и компаративна анализа на податоците за усогласеноста во 2023 и 2024 година.

Анализата на Берзата на одговорите од прашалниците на 24-те котирани друштва на кои се применува Кодексот покажа дека вкупниот процент на усогласеност на друштвата во 2024 изнесува 80%, што е на задоволително ниво.

2024 Усогласеност со Кодексот

**Просечна стапка**
**80%**

Притоа, постојат значителни разлики во усогласеноста со секој дел од Кодексот, при што истите се движат од 94% за Дел 4 (Судир на интереси) до 72% за Дел 2 (Надзорен одбор). И оваа како и претходните години, Делот 4 (Судир на интереси) останува дел со најголема усогласеност, додека Делот 2 (Надзорен одбор) е дел со најмала усогласеност.

## Просечен процент на усогласеност со Кодексот по делови




Дел 1: Права на акционерите и односи со акционерите (15 прашања)
Дел 2: Надзорен одбор (34 прашања)
Дел 3: Управен одбор (11 прашања)
Дел 4: Судир на интереси (4 прашања)
Дел 5: Ризик и контрола (14 прашања)
Дел 6: Засегнати лица, одржливост и прашања од општествен интерес (7 прашања)
Дел 7: Транспарентност и објавување (4 прашања)

Овој извештај беше разгледан од страна на Одборот на директори на Берзата и беше објавен на интернет страната на Берзата.

## 7.5. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Исполнувањето на законската обврска за вршење на внатрешна ревизија на Берзата се остварува преку ангажирање на надворешен соработник. Од страна на надворешниот соработник беше изготвен Годишен извештај за внатрешна ревизија за 2024 година и истиот беше разгледан и усвоен од страна на неизвршните членови на Одборот на директори. Исто така, беше продолжен ангажманот на надворешниот соработник за вршење на внатрешна ревизија за потребите на Берзата и за 2025 година, по што беше усвоен и Годишниот план за ревизија за 2025 година. Во текот на годината беа спроведени планираните ревизии за 2025 година и извештаите за истите беа усвоени од страна на неизвршните членови на Одборот на директори.

## 7.6. АКТИ ВО ВРСКА СО ПРОБЛЕМАТИКАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Согласно Стратегијата и Политиката за управување со ризици на Берзата, на почетокот на година беше изготвен План за редовна проценка на ризиците од општото деловно работење на Берзата. Со овој План се прави проценка на очекувани настани коишто може да влијаат на деловното работење на Берзата, особено ако се има предвид фактот дека општите ризици од деловното работење на Берзата се постојано присутни и истите произлегуваат од повеќе различни, но меѓусебно поврзани фактори (вработени, управување со Берзата, организација на работните процеси и др.). Целта на овој План е воспоставување систематски, континуиран и документиран

процес за идентификација, анализа, проценка, следење и управување со општите ризици кои произлегуваат од деловното работење на Берзата, а со цел обезбедување на континуитет, интегритет и стабилност во работењето, усогласеност со релевантните законски и подзаконски прописи, како и намалување на можни финансиски, правни и репутациски загуби.

## 7.7. АКТИВНОСТИ НА БЕРЗАТА ОКОЛУ ПРОМОЦИЈА НА ESG ИЗВЕСТУВАЊЕТО

Во текот на годината Берзата преку свои претставници активно учествуваше во повеќе едукативни и промотивни настани, работилници и конференции поврзани со промоција на концептот на ESG известување, а со цел подобрување на корпоративните практики на друштвата за информирање на инвеститорите околу прашањата поврзани со животната средина, општествената одговорност и управувањето и интегрирање на овој концепт во бизнис моделите на друштвата.

## 7.8. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Во текот на извештајниот период, Берзата континуирано ги исполнуваше своите обврски согласно Правилникот за безбедност и здравје при работа во насока на обезбедување безбедни работни услови и здрава работна средина и со цел исполнување на законските обврски. Проверката на истото беше направена од страна на надворешно овластено правно лице од областа на безбедност и здравје при работа ангажирано од Берзата, на квартална основа. Беше извршена и проценка на ризикот на новите и пополнетите работни места од страна на надворешното овластено правно лице. Исто така, беше спроведена и обука за безбедност и здравје при работа за нововработените лица во Берзата, како и за претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа.

Во овој домен, односно поконкретно во доменот на преземање на мерки и активности за заштита од пожари, поплави и други непогоди, во текот на годината беа извршени редовните проверки за целите на противпожарно одржување, што се спроведуваат периодично во согласност со законските и подзаконските прописи. Исто така, беа преземени и нормативни активности во насока на целосно усогласување на работењето на Берзата со законските и подзаконските прописи од оваа област, за што беше склучен договор со правно лице специјализирано во областа на заштита и спасување и беа добиени потребните согласности/позитивно мислење од Дирекцијата за заштита и спасување.

## 7.9. ПОСТАПКИ ЗА ПРИСИЛНА НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊАТА

Во текот на година беа реализирани активности во врска со наплата на побарувањата во стечајни постапки на должници на Берзата.

Имено, во првиот квартал од 2025 година, а во врска со добиена понуда за откуп на побарувањето што Берзата го има пријавено во стечајната постапка на РЖ КПОР АД Скопје-во стечај, од страна на РЕПРО 21 ДООЕЛ Скопје, беше донесен од страна на Одборот на директори соодветен заклучок. Врз основа на ова на Берзата и беше исплатен и договорениот надоместок во оваа постапка.

Во вториот квартал од 2025 година, со цел наплата на побарувањата по основ на котација, во законскиот рок, беше поднесена пријава на побарувањата на Берзата во стечајната постапка на СН Осигурителен брокер АД Битола – во стечај.

Со цел присилна наплата на побарувањата што Берзата ги има спрема одредени должници по основ на долг за годишниот надомест за котација, во текот на годината беа преземени

потребните дејствија пред нотар, односно извршител.

## 7.10. ОБНОВЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

Со цел исполнување на законскиот услов од најмалку тројца вработени на Берзата кои имаат важечки дозволи за работење на брокер издадени од Комисијата за хартии од вредност, во текот на месец август беше спроведена постапката за обновување на дозволите на четворица вработени на Берзата. Новодобиените дозволи се со важност до август 2030 година.

## 7.11. ДОСТАВУВАЊЕ ОДГОВОРИ НА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА И ДОПИСИ

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања од надлежните органи и институции, како и од физички лица, во врска со податоци за склучени берзански трансакции.

Исто така, до Берзата беше доставено Барање на одговор УЗ бр.03/25 од 23.01.2025 година од Уставниот суд на Република Северна Македонија во врска со доставена Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 55, став 2 од Правилата за тргување на Берзата. Во врска со истата, беше подготвен и доставен детален одговор до Уставниот суд, во кој како главни аргументи се посочуваат компаративното искуство на берзите од регионот и глобално, како и тоа дека ценовните ограничувања (статичките лимити) уредени со членот 55 од Правилата за тргување примарно имаат за цел да ги заштитат интересите на инвеститорите, а со тоа и нивното право на сопственост на хартиите од вредност.

На 10.11.2025 година до Берзата беше доставено Решение УЗ бр.3/2025 од 24.09.2025 година на Уставниот суд согласно кое Уставниот суд одлучил да не поведува постапка за оценување на член 55 од Правилата за тргување, оценувајќи дека овој член е во согласност со членот 30 од Уставот.

## 7.12. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со цел зголемување на довербата и соработката помеѓу вработените, јакнење на тимскиот дух и вештини, како и со цел со тимска работа да се постигнат подобри резултати при извршувањето на секојдневните работни обврски, во месец јануари беа преземени тим билдинг активности.

## 7.13. ИЗВЕСТУВАЊА ДО КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Во текот на 2025 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност на РСМ, како и други акти, извештаи и известувања согласно Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари.

# ЕДУКАТИВНИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ



# 8. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 8.1. ОДРЖАНИ ПРЕДАВАЊА И ПРЕЗЕНТАЦИИ

### Предавања

Со цел подигнање на нивото на финансиска едукација и запознавање со улогата на Берзата во рамките на финансискиот систем во државата, Берзата во текот на 2025 година одржа предавања на повеќе од 400 ученици и студенти, кои имаа можност да се запознаат подетално со активностите и развојот на Берзата и развојот на пазарот на хартии од вредност и тоа:



- студенти од Универзитет Американ Колеџ – Скопје
- ученици од СУГС " Кочо Рацин" - Скопје
- ученици од СОСУ „Св. Кирил и Методиј“ – Охрид
- ученици од ДМБУЦ „Илија Николовски Луј
- студенти од Економски факултет Скопје
- ученици учесници на Европскиот квиз на пари во организација на Македонската Банкарска Асоцијација
- студенти од Меѓународниот Балкански Универзитет
- ученици од СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија
- ученици од средното економско училиште СОЕПТУ,,Кузман Јосифоски –Питу Прилеп

### Соработка и работилници



Во рамките на соработката со Академијата на Загрепската берза, на 06.04.2025 година се одржа онлајн обука на тема Вовед во ETF - ови.



Во рамки на Академијата на Загрепската берза, на 07.05.2025 година се одржа бесплатен семинар на тема „Запознавање со пазарот на капитал“.



На 18.06.2025 година и 20.06.2025 година, се одржа бесплатна обука на тема „Родова еднаквост и глобалните пазари на капитал. Обуката беше водена од страна на експерти од UN SSE initiative in partnership with IFC, UN Women и Columbia University's Sustainable Investing Research Initiative.



Во рамки на Академијата на Загрепската берза, на 18.09.2025 година се одржа бесплатен семинар на тема „Вештачката интелигенција (AI) во инвестирањето“.



На 18.09.2025 година, се одржа бесплатна обука на тема „Applying the IFRS sustainability disclosure standards“. Обуката ја водеа експерти од IFRS Foundation, United Nations Sustainable Stock Exchanges и IFC - International Finance Corporation.



На 03.07.2025 година, се одржа подготовката на националниот тим на средношколци кои ја претставува Република Северна Македонија на овогодишната Меѓународна економска олимпијада (International Economics Olympiad — IEO).



На 28.10.2025 година, присуствувавме на свеченото отворање на BISTLAB | Balkan Economy and Finance Laboratory, основана во рамките на Факултетот за економски и административни науки при Меѓународниот балкански универзитет.



Во текот на месец октомври, Комисијата за хартии од вредност и Македонска берза во рамките на заложбите за унапредување на корпоративното управување и професионалниот развој на корпоративните секретари, спроведе анкетата со предлог теми за организирање на следна обука за корпоративни секретари.

### Средби

Во насока на одржување на континуирана комуникација и меѓусебна размена на мислења на 14.01.2025 година, беше одржана средба со фондовите и членките на Берзата. На средбата беше одржана презентација за остварувањата во 2024 година и развојните планови на Берзата за наредниот период. Воедно, на средбата членките на Берзата и фондовите дадоа осврт за актуелните состојби на пазарот, сугестии и очекувања за 2025 година.

## 8.2. ПРИСУСТВО НА ОБУКИ И НАСТАНИ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД БЕРЗАТА

Во текот на 2025 година претставници на Берзата зедоа учество на повеќе обуки и настани:

05.03.2025 година- онлајн бесплатна обука во рамките на Академијата на Загребска берза на тема „Ајде да учиме за правата на децата во бизнисот“. Новиот Кодекс за корпоративно управување на ХАНФА и Загрепската берза ги препознава децата како важни чинители кои треба да се земат предвид при донесување одлуки, проценка на ризиците и можностите и го поттикнува образованието на сите нивоа во компанијата во однос на правата на децата.

06.03.2025 година - настан " Забрзана дигитална трансформација и револуција на ВИ", во организација на Women on Boards Adria (Жени во органи на управување Јадран).

19.03.2025 година- презнтација на дијагностичката студија на проектот за развојна стратегија на Централниот депозитар за хартии од вредност.

09.06.2025 година- Четврта годишна конференција "EqualXChange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys" во организација на Алијанса за родова еднаквост - GEA.

27.10.2025 година- регионална тркалезна маса „Advancing Gender Equality in Leadership and Governance“, која се одржи во Стопанска комора на Македонија, а во оранизација на Women on Boards Adria (WOBA) и Европската Инвестициска Банка.

29-30.10.2025 година- тренинг програма за ESG наманета за компаниите кои се во развојна и напредна фаза при имплементација на ЕСГ, а во организација на AmCham и соработка со GGF. Програмата вклучуваше сесии за ефективна ЕСГ комуникација и ангжаирање во процесите на јавни политики, во насока да се влијае на деловната и на регулаторната средина.

29.10.2025 година - конференција на „Блумберг Адрија“ „Back to business’’.

04.11.2025 година- Ecommerce Conference 2025 година, во организација на Макеоднската Асоцијација за е-трговија.

12.11.2025 година, - Меѓународната конференција „Одржлив пензиски систем – две децении прогрес“, во организација на Асоцијацијата на друштва за управување со пензиски фондови.

13.11.2025 година - дванаесеттото издание Erste Investors’ Breakfast, конференција во организација на Ерсте Групацијата и Шпаркасе Банка АД Скопје.



13.11.2025 година - ESG настан Одговорност денес, одржлива иднина утре во организација на Витаминка АД Прилеп

18–21 ноември 2025 година - Програмата за обука за ЕУ финансиска регулатива 2025, реализирана од Ashurst LLP, со поддршка на Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и Големото Војводство Луксембург. Обуката

26.11.2025 година - NLBNext Конференција “ Иднината на банкарството” во организација на НЛБ Банка Скопје

Претставници на Берзата редовно земаа активно учество во работните групи на различни теми, а во организација на Федерацијата на Евро-Азиски Берзи.

## 8.3. ВИРТУЕЛНА БЕРЗА – ЕДУКАТИВЕН ПОРТАЛ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Во текот на 2025 година, преку инфраструктурата на апликацијата на едукативната игра Виртуелна берза, беа активни учесниците на 4-те посебни лиги, како дел од образовниот процес и тоа:



- Посебна лига за Економски факултет при Универзитетот во Тетово;
- Посебна лига за Универзитет Американ Колеџ – Скопје;
- Посебна лига за Универзитет Американ Колеџ – Скопје;
- Посебна лига за Меѓународниот Балкански Универзитет.;

Преку 300 учесни

## 8.4. ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ОД ЏЕПАРЛАК ДО ПОРТФОЛИО“

На 10 декември, на Економскиот факултет при УКИМ во Скопје се одржа настанот „Од џепарлак до портфолио“ во организација на „Блумберг Адрија“, Македонската берза и Економскиот факултет при УКИМ, а беше поддржан од „Шпаркасе банка“. Голем број студенти имаа можност да слушнат како преку долгорочно инвестирање во акции и други финансиски инструменти може да обезбедат поголема финансиска стабилност во иднината и да разберат колку е важно правилно да се управува со личните финансии.



Свое излагање имаше Главниот извршен директор на Берзата кој посочи неколку важни причини зошто студентите од една страна треба да се вклучат како инвеститори на пазарот на капитал, а од друга страна својата кариера да ја градат како посредници во оваа индустрија, односно како вработени во брокерските куќи, фондовите и другите чинители на пазарот.

## 8.5. ДЕНОВИ НА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ

Македонска берза се приклучи во одбележувањето на деветтото издание на Деновите на финансиска писменост кое се одржа од 25-ти ноември до 4-ти декември 2025 година. Во рамки на оваа иницијатива, се одржа предавање за учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија, на кое што учениците беа запознаени со историјата на Берзата, инвестирањето во хартии од врендност, фунционирањето на БЕСТ системот, како и финансирањето на компании преку берзата. Целта на деновите на финансиска писменост е да се зајакне финансиската едукација, да се поттикне финансиската инклузија и да се зголемат свесноста и заштитата на потрошувачите на финансиски услуги. Организатори се Народната банка, Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на капитално пензиско осигурување – МАПАС и Агенцијата за супервизија на осигурување.

## 8.6. МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

Во текот на 2025 година, Берзата потпиша Меморандум за соработка преку кој се воспоставува партнерство со:

- Европска банка за обнова и развој (ЕБОР). Целта е да се придонесе кон раст на пазарот, зголемување на инвестициските можности, и поддршка на подинамичен финансиски екосистем, а во насока на привлекување на повеќе приватни компании да се финансираат преку јавна понуда на акции или да издадат обврзници.

- Меѓународен балкански универзитет. Целта на оваа соработка е да се подобрат образовните, истражувачките и кариерните можности преку заеднички проекти, експертски предавања, студентски пракси и програми за професионална обука.

- Образовниот центар М6. Оваа соработка ја поставува основата за влијателни заеднички иницијативи насочени кон збогатување на знаењето за финансиска писменост, едукација

на теми поврзани со корпоративно управување и зајакнување на врската помеѓу бизнис и академските заедници.

- Институтот на сметководители и овластени сметководители. Целта е унапредување на транспарентноста и отчетноста на пазарот на капитал преку размена на податоци и експертиза, заеднички обуки и активности за подобрување на квалитетот на финансиското известување и примена на меѓународните стандарди.

- Македонската асоцијација на корпоративни правници. Оваа соработка ја поставува основата за размена на знаења, искуства, едукација и заеднички иницијативи на теми поврзани со корпоративно управување и теми поврзани кои ги засегаат двете инстиуции.

- Сојузот на математичари на Македонија со кој се зајакнува соработката во доменот на финансиската едукација, како дел од обуките за подготовка на учениците од средното образование за учество на Македонската економска олимпијада (МЕО) и Меѓународната економска олимпијада (ИЕО).

- Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија со кој се утврдува рамка во која се реализира соработката помеѓу страните потписници на Меморандумот за работи од заеднички интерес кои произлегуваат од делокругот на работи и активности на двете страни, како и нивна меѓусебна размена на податоци и искуства.

# 9. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 9.1. ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Во период од 26-27 септември 2025 година во Охрид, Македонската берза АД Скопје ја одржа својата 24-та Годишна конференција, традиционален настан што и оваа година обедини преку 250 претставници на финансискиот сектор, котираните компании, регулаторите, институциите и академската заедница.




Годишната конференција понуди сеопфатна и динамична програма посветена на клучните предизвици и перспективи на пазарот на капитал. Во рамки на специјалните обраќања беа истакнати темите за монетарната политика во услови на неизвесност и потребата од подлабока регионална интеграција, додека првиот ден беше фокусиран на дилемата околу IPO-процесите, поддршката за домашните компании и практичните искуства од пазарот. Дискусиите опфатија и прашања поврзани со улогата на приватните пензиски фондови, можноста за воведување мултифондови, развојот на ЕТФ-пазарот, како и позиционирањето на малите берзи во пазарите во појавување. Беа обработени и теми поврзани со идните глобални трендови и

дигиталната трансформација. Вториот ден беше посветен на ажурираните стандарди за финансиско известување, стратешките предизвици на Централниот депозитар за хартии од вредност и унапредувањето на корпоративното управување, при што конференцијата потврди дека развојот на пазарот на капитал бара координиран пристап, институционална зрелост и континуирана регионална и меѓународна соработка.

## 9.2. ИНВЕСТИТОРСКИ ДЕН НА БЕРЗАТА

Шеста година по ред на Македонска берза успешно се одржа „Инвеститорски ден" на којшто сите домашни физички лица имаа можност да тргуваат со акции на сите пазарни сегменти без да ги платат провизиите кон Берзата, Централниот депозитар на хартии од вредност и овластените пазарни учесници (банки и брокерски куќи), во износ на остварен промет до 10.000 евра.




На „Инвеститорскиот ден" се склучија вкупно 396 нормални трансакции што претставува инвеститорски ден со најголем број склучени трансакции од воведување на оваа иницијатива. Воедно, на овој ден се склучија и најголем број на трансакции на дневно ниво во 2025 година. Дополнително, денес во БЕСТ системот на Берзата се внесени вкупно 547 налози за тргување, што претставува најголем број на внесени налози во берзанскиот систем за тргување во текот на оваа година.

Вкупниот промет од тргување во БЕСТ системот со акции денес надмина 917 илјади евра, односно изнесува околу 56 милиони денари.

Иницијативата „Инвеститорскиот ден" ја прифатија и во неа активно се вклучија сите единаесет членки на Берзата и Централниот депозитар за хартии од вредност, а истата доби поддршка и од Комисијата за хартии од вредност.

## 9.3. ЗАЕДНИЧКИ НАСТАН НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА И EBRD „ФИНАНСИРАЈТЕ СЕ ПАЗАРНО!"

Македонската берза и Европската банка за обнова и развој (EBRD) согласно потпишаниот Меморандум за соработка, а заради промовирање на можностите за финансирање на компаниите преку пазарот на капитал и за зајакнување на врската помеѓу домашниот корпоративен сектор, финансиските посредници и инвеститорите организираа настан под мотото „Финансирајте се пазарно!".

Директорот за развој на пазарите на капитал во EBRD, Атила Тот, преку презентација на тема „Финансирање преку пазарот на капитал“, ги објасни клучните придобивки и потребните предуслови и чекори што компаниите треба да ги направат за успешно пазарно финансирање преку издавање акции или обврзници. Беше нагласено дека пазарот на капитал нуди одржливи можности за раст, намалување на ризиците во работењето, поголема транспарентност и зголемување на довербата во компаниите, а успешно извршеното ИПО претставува почеток на дисциплиниран и одговорен развој на компанијата и потврда на нејзината долгорочна деловна стратегија.



Во рамките на настанот се одржа и панел дискусијата на тема „Во какви компании сакаме да инвестираме?". На панелот на којшто учествуваше Главниот извршен директор на Македонска берза, Иван Штериев се отвори суштинска дебата за потенцијалот на македонскиот пазар да поддржи и апсорбира емисии на акции и обврзници, критериумите за инвестирање во истите, како и моменталната зрелост на домашните компании за оваа комплексна постапка. Од дискусијата произлегоа битни согледувања околу тајмингот на издавање на хартии од вредност, значењето и сеопфатноста на добрите интерни компаниски подготовки и соодветна надворешна експертиза, како и за важноста на транспарентноста и доброто корпоративно управување во функција на градење доверба кај инвеститорите. Настанот кој се одржа на 29.04. 2025 година заврши со презентација од страна на претставниците на EBRD кои ја прикажаа нивната понуда за македонските компании, со акцент на програмите за анализа на процесите, реструктуирање и поддршка во функција на поефикасно функционирање и полесен пристап до финансирање.

## 9.4. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО БУМ КЛУБОТ

Во текот на 2025 година продолжија активностите на БУМ Клубот.  Во врска со конкретните активности, базирани на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Берзата и ЕБРД, а со цел презентирање на поддршката од страна на ЕБРД, во текот на овој квартал се реализираа билатерални состаноци помеѓу претставници од ЕБРД со компаниите од БУМ клубот кои начелно размислуваат дел од нивните развојни проекти да ги реализираа преку пазарот на капитал. Преставници од Солопром, Виталиа и Раде Кончар Теп и Реплек имаа билатерални состаноци и воведни состаноци со претставник од ЕБРД.  Исто така, на годишната конференција на Берзата беа остварени состаноци со претставници од 2 членки на Берзата, Комерцијална банка и НЛБ Банка Скопје. Целта на состаноците беше запознавање со активностите и можноста на членките за во иднина да се вклучат во припрема на потенцијално ИПО.

Во месец јули година беше остварена и посета на компанијата Бучен Козјак.

Во месец јули беше изготвена и разгледана од страна на Одборот на директори на Макеоднска берза и Информација за активностите на Берзата за зголемување на пазарната понуда и нови котации на хартии од вредност.

На 20.10.2025 година, во просториите на Македонска берза, се одржа состанок на Клубот БУМ (Берзата и Успешните во Македонија). Состанокот, на кој присуствуваа претставници од

компаниите членки на Клубот, како и други заинтересирани компании кои изразија интерес за приклучување, понуди можност за размена на искуства и запознавање со успешни регионални компании кои своите развојни потреби ги финансиираат преку пазарот на капитал. Во рамките на агендата на состанокот, присутните проследија две инспиративни презентации од гостите од Романија:



- Stefan Musgociu, Business Development & Public Affairs, Bucharest Stock Exchange, кој го претстави романскиот пазар на капитал и улогата на Букурешката берза во комуникацијата со компаниите што одлучиле да ги финансираат своите развојни потреби преку пазарот на капитал.
- Peter de Boer, Chief Executive Officer на DN Agrar, најголемиот производител на кравјо млеко во Романија и една од водечките интегрирани агро-прехранбени компании во регионот.

.

## 9.5. ГОДИШНИ НАГРАДИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА ЗА 2025 ГОДИНА

На 23.12.2025 година се одржа церемонија на доделување на Годишни награди на Македонска берза за 2025 година за котираните компании, членките на Берзата и други субјекти поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност. Петта година по ред, Македонска берза додели награди во повеќе категории, при што дел од наградените добитници се одредуваат врз основа на објективни квантитативни критериуми, како што се берзанскиот промет, фреквентноста на тргувањето, цените на акциите, бројот на трансакции, исплатата на дивиденди и сл. За останатиот дел од наградите одлучуваа посебни комисии, составени од пазарни учесници, експерти и претставници на медиумите, а за наградата „Акција на годината“, покрај квантитативните податоци, се зема предвид и мислењето на пошироката инвестициска јавност преку спроведената анкета на Интернет порталот Фактор. Годинава продолжи и соработката со Американската стопанска комора во Северна Македонија, со која заедно беа доделени признанија за добри ESG практики.

Годинава на настанот беа доделени 10 награди во различни категории и 5 признанија:

- Категорија „Акција со најголем промет“ - Комерцијална банка АД Скопје,
- Категорија „Акција со најголем пораст на цената“ - Макпетрол АД Скопје,
- Категорија „Акција со најголем пораст на прометот“ - Стопанска банка АД Скопје.
- Категоријата „Членка на годината“ - Оваа година, во рамките на оваа категорија се доделија три награди – бронзена, сребрена и златна членка на Македонска берза при што:
    - Златна членка на Македонска берза за 2025 година е Комерцијална банка АД Скопје.
    - Сребрена членка на Македонска берза за 2025 година е Илирика Инвестментс АД Скопје.
    - Бронзена членка на Македонска берза за 2025 година е Еурохаус АД Скопје.

- Категорија „Најтранспарентно котирано акцинерско друштво за 2025 година“ - по избор на пазарни учесници – добитник е Комеријална банка АД Скопје.

- Категорија „Најтранспарентно котирано акцинерско друштво за 2025 година“ - по избор на медиуми – добитник е Реплек АД Скопје.

- Во категоријата „Акција на годината“ – добитник е Комерцијална банка АД Скопје.

- Категорија „Годишна награда за придонес во обласа на едукацијата и развојот на пазарот на хартии од вредност“ - добитник е Bloomberg Adria.

И оваа година, Македонската берза, во соработка со Американската стопанска комора во Северна Македонија, доделува признанија за добри ESG практики на селектирани домашни компании, со цел да се поттикне примената на ESG принципите како основа за одржливо и предвидливо деловно работење и зголемување на конкурентноста. Компаниите добитници се идентификувани врз основа на резултатите од истражување спроведено за AmCham од независната истражувачка агенција INSIDER ID, користејќи методологија заснована на ESG Readiness Compound Index (ERCI). Истражувањето беше дел од поширок проект за унапредување на ESG капацитетите во приватниот сектор во соработка со Европската банка за обнова и развој и финансиска поддршка од ЕУ.

Признанијата се доделија на вкупно пет друштва, од кои три котирани и две некотирани.
Признанија за добри ESG практики во 2025 година добија:

А1 Македонија ДООЕЛ
Алкалоид АД Скопје
АТЛАНТИЦ ГРАНД СКОПЈЕ ДОО
НЛБ Банка АД Скопје
ТИТАН УСЈЕ АД Скопје

## 9.6. ГЛОБАЛНА ИНИЦИЈАТИВА “RING THE BELL FOR GENDER EQUALITY 2025“

Македонска берза по петти пат се приклучи на глобалната иницијатива “Ring the Bell for Gender Equality”. Темата на годинашниов „Ring the Bell for Gender Equality“, односно „Заѕвони го ѕвончето за родова еднаквост“ беше „Поддршка за правата на жените, еднаквост и инклузија“, а овој пат ѕвончето го заѕвонија неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата Ивана Гажиќ од Загребска берза и Нина Неданоска од Шпаркасе Банка АД Скопје, заедно со Иван Штериев, Главен извршен директор на Македонска берза. Симболиката на ѕвонење на берзанското ѕвоно ја покажува посветеноста на Македонска берза да придонесе за што поголемо спроведување на принципите на еднаквост и инклузија на жените во сите општествени сфери.




По повод овој настан беше продуциран и видео запис и дистрибуиран преку официјалниот профил на Берзата преку социјалните мрежи.

Родова анализа на органите на управување на котираните акционерски друштва на Македонска берза

Во функција на зајакнување на општествената свест за поттикнување на поголема родова рамноправност, Берзата изработи кратка анализа за состојбите на овој план во органите на управување кај македонските котирани друштва.

## 9.7. ГЛОБАЛНА ИНИЦИЈАТИВАТА „ДА ЗАЅВОНИМЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ“




Исто така, Македонска берза петта година по ред се приклучи кон глобалната иницијатива „Да заѕвониме за финансиска писменост“ (Ring the Bell for Financial Literacy) на Светската федерација на берзи (World Federation of Exchanges - WFE), како поддршка на глобалната кампања „Светска недела на инвеститорот“ (World Investor Week - WIW) во организација на Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност (International Organization of Securities Commissions - IOSCO).

По тој повод, во рамки на иницијативата, Македонска берза подготви краток едукативен стрип посветен на пазарот на капитал. Целта на овој материјал е на едноставен и интересен начин, преку практични примери, да ги запознае младите со основните поими и принципи на функционирањето на пазарот на капитал, инвестирањето во хартии од вредност и можностите достапни на компаниите за прибирање финансиски средства.

Креирањето на стрипот претставува дел од континуираните активности што Македонска берза ги спроведува заедно со другите чинители на домашниот пазар на капитал (брокери, банки, инвестициски и пензиски фондови). Целта на овие активности е да се поттикне интересот кај младите за пазарот на капитал, како потенцијални инвеститори, но и како идни професионалци во финансиската индустријата.

## 9.8. РЕДИЗАЈНИРАНА МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА СЕИНЕТ – НОВО ДИГИТАЛНО ИСКУСТВО ЗА ПРИСТАП ДО ОБЈАВИТЕ ОД КОТИРАНИТЕ ДРУШТВА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА“

На 14.05.2025 година, Макеоднска берза ја промовираше новата целосно редизајнирана мобилна апликација СЕИНет, наменета за транспарентен, брз и лесен пристап до сите информации што котираните акционерски друштва задолжително ги објавуваат преку Системот за Електронски Информации на Берзата (СЕИНет).




СЕИНет (www.seinet.com.mk) е електронски систем преку којшто акционерските друштва кои котираат на Берзата објавуваат информациите согласно Правилата за котација. Преку СЕИНет, инвеститорите и пошироката јавноста добиваат навремени и точни информации за различни аспекти од работењето на компаниите и релевантно донесување на инвестициски одлуки.

Во рамките на континуираната заложба на Берзата за унапредување на транспарентноста и дигитализација на пазарот на капитал, новата верзија на мобилната апликација на СЕИНет донесува значителни подобрувања во корисничкото искуство, пристапноста до податоци и брзината на информирање на инвеститорите и пошироката јавност.

Клучни новини и функционални подобрувања во мобилната апликација СЕИНет се:

- Современ интуитивен дизајн - новата апликација нуди појасен визуелен приказ и подобрена навигација, овозможувајќи им на корисниците брз преглед и пристап до сите објави, категории на информации и издавачи.
- Персонализирани известувања - корисниците можат да изберат конкретни друштва и да добиваат известувања веднаш по нивната објава.
- Напредно пребарување и филтрирање - воведени се нови алатки за филтрирање по датум, друштво, категорија и клучен збор.
- Преглед и преземање на документи - сите документи се достапни со еден клик, со можност за директно преземање.
- Тикер со податоци за движењето на цените – приказ на просечните цени на сите хартии од вредност што се тргуваат на Берзата (со задоцнување од најмногу 15 минути во однос на реалното време на склучените трансакции) и нивна процентуална промена во однос на официјалната просечна цена постигната на претходниот ден на тргување.

Новата верзија е достапна за бесплатно преземање преку Google Play Store и Apple App Store.

## 9.9. ПРИМАРЕН ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Во врска со презентирањето на можноста Македонската берза да се вклучи како агент во организирањето на примарниот пазар на државни хартии од вредност, во месец август беше одржан состанок со претставници од Министерството за финансии. На состанокот се дискутираше за можноста и моделите на вклученост на Берзата, најпрво во организирањето на примарниот пазар на граѓански обврзници, а пошироко и во организирањето на примарниот пазар на сите државни хартии од вредност. Посебен акцент беше ставен на прашањата поврзани со транспарентноста, како и на супериорноста на берзанскиот електронски систем за тргување при организирањето на примарниот пазар и спроведувањето на аукциите на државните хартии од вредност.Претходно до Министерството за финансии беше доставен информативен материјал во врска со овие прашања.

Во текот на месец септември, на барање на Министерството за финансии, а во врска со истата проблематика, беше организиран уште еден состанок со државниот секретар во Министерството за финансии. Во последниот квартал од 2025 година продолжија работните средби со претставници од Министерството за финансии, на кои повторно се разгледуваше потенцијалната вклученост на Берзата, во оваа проблематика.

По разгледувањето на можните модели на соработка и предложените решенија, беше заклучено дека во краток рок не се очекува нивна конкретна реализација.

## 9.10. АНКЕТА ЗА КОТИРАНИ АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА

Со цел унапредување на услугите на Берзата, како и обликувањето на идните активности и планови на Берзата, а во согласност со потребите и очекувањата на компаниите и пазарните учесници, во текот на третиот квартал беше спроведена анкета за котираните акционеркси друштва. На анкетата одговорија вкупно 58 друштва, од кои 96,6% имаат позитивно или многу позитивно мислење за соработката со Берзата, додека 93,1% се задоволни или многу задоволни од технолошките решенија кои ги нуди Берзата. Очекувањата од Берзата се во насока на организирање на обуки и едукативни настани (55,2%), обезбедување на техничка подршка и дигитални алатки (37,9%), како и советодавна подршка при нови емисии (34,5%), додека 27,6% очекуваат поголема промоција на котираните компании.

## 9.11. СОРАБОТКА СО АМЕРИКАНСКАТА СТОПАНСКА КОМОРА - ПРАШАЛНИК ЗА ОДРЖЛИВО ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Македонска берза се придружи на иницијативата на Американската стопанска комора на Северна Македонија за обезбедување на предвидливо и одржливо деловно окружување во рамките на која се спроведе посебно истражување. Истражувањето го спроведе независна истражувачка агенција INSIDER ID.
Котираните друштва, кои согласно Правилата за котација на Македонска берза се должни да известуваат за примената на Кодексот за корпоративно управување, каде, покрај останатите се предвидени и обврски за известување за прашањата поврзани со животната средина, прашањата од општествен интерес и управувањето (ESG), беа вклучени во пополнување на овој прашалник. Резултатие кои произлегуваат од одговорите на оваа анкета беа сооодветна подлога за доделување на признанијата за добри ESG практики во рамките на годишните награди на Берзата.

## 9.12. ИНИЦИЈАТИВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ОПШТИНИТЕ

Во текот на месец декември претставник на Берзата во соработка со Капитал финсиски центар одржа презентација за пазарот на капитал во општина Кисела Вода. Презентацијата беше фокусирана на улогата на пазарот на капитал како алтернативен и одржлив извор на финансирање за општините, со посебен акцент на издавањето општински обврзници и диверзификацијата на изворите на капитал. Дополнително, беше истакната важната улога на општините во унапредување на финансиската писменост кај граѓаните и локалните компании, како инвеститори и како потенцијални издавачи на хартии од вредност.

## 9.13. ПОДГОТОВКА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 30 ГОДИНИ ОД ПРВ ДЕН НА ТРГУВАЊЕ НА БЕРЗАТА

Во текот на последниот квартал од 2025 година беа иницирани активности за подготовка на одбележувањето на јубилејот — 30 години од првиот ден на тргување на Македонска берза. Во таа насока, беше одржан работен состанок со маркетинг агенција, на кој детално се разгледуваа различни концепти и сценарија за организација на настанот. Дополнително, започна процесот на утврдување на буџетот, со фокус на дефинирање на потребните ресурси и активности, и навремена и соодветна подготовка за успешно реализирање на јубилејната прослава.

## 9.14. ДОНАЦИЈА ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО КОЧАНИ

Македонската берза, Централниот депозитар за хартии од вредност и Загребската берза донираа финансиска помош во износ од 25.000 евра во новоформираната фондација на Македонската банкарска асоцијација „ЗАЕДНО ЗА ЕДНО“, со цел помош и поддршка на семејствата на загинатите и на повредените во страотниот пожар во Кочани.

## 9.15. ПРОМОЦИЈА НА ПРОДУКТИТЕ НА БЕРЗАТА

Со цел континуирано присуство во јавноста, подобро запознавање за тоа што се случува на Берзата, во текот на 2025 година беа објавени:

- Објавени годишниот билтен за и месечните статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;
- Dashboard за клучните месечни показатели;
- Електронската верзија од годишниот календар за тековната година, кој Македонска берза веќе втора година самостојно го изработува, беше објавена и доспена за пошироката јавност.
- Објавени видео материјали од настаните во организација на Македонска берза.
- Континуирано ажурирање на сумарниот преглед со податоците и карактеристиките на моментално котираните континуирани обврзници на Берзата.

Објавен едукативен стрип посветен на пазарот на капитал;

На интернет страната не Берзата беше објавен новиот годишен извештај за следење на усогласеноста на котираните друштва со ККУ.

Објава на остварените квартални резултати на котираните друштва во 2025 година на официјалната интернет страна на Берзата .

## 9.16. СОРАБОТКА СО МЕДИУМИ

Интервјуа и гостувања на Главниот извршен директор

- Гостување во поткастот „Каде се парите?" на Pari.com.mk.
- 3 гостувања и изјави за телевизиска и дигитиална редакција на Bloomberg Adria во Македонија
- Гостување на „Топ Тема" на Телма
- Интервју за Newsmax Balkans

Соработка

За потребите на редакциите Берзата одговораше на новинарски барања за конкретни прашања и обезбедување на статистички податоци со цел анализа на тргувањето на Берзата.

## 10. ОБЈАВИ НА АД ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ

Акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност, чии хартии од вредност не котираат на берза и не се водат во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување имаат обврска за известување на јавноста согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност. Во 2025 година преку интернет страната на Берзата беа администрирани и објавени вкупно **461** објава од акцинерскитте друштва на Слободен пазар.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ



## 11.1. МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

Меѓународните активности на Берзата во 2025 година беа фокусирани на:

### СЕЕ ЛИНК

- Во текот на првиот дел од годината продолжија редовните оперативни активности со цел обезбедување континуитет во работењето на компанијата, но поради интензивирање на активностите во рамки на другиот регионален проект за интеграција, кој претставува нова стратешка насока за поврзување на пазарите и унапредување на соработката меѓу берзите, на крајот од 2025 година, Надзорниот одбор на СЕЕ Линк донесе одлука за започнување активности за затворање на компанијата. Овој пристап овозможи фокусирање на ресурсите и капацитетите кон поодржливи модели на регионална интеграција и понатамошен развој на пазарната инфраструктура.

### ЕБРД

- Во текот на годината продолжи комуникацијата со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) со цел конкретизирање на соработката за поддршка на компаниите кои своите развојни активности евентуално сакаат да ги финансираат преку пазарот на капитал. Оттука, во на 28.03.2025 година беше потпишан Меморандумн за соработка.Кон крајот на годината, ЕБОР информираше дека од страна на Банката е одобрена конкретена рамка за поддршка на македонските компании, со цел олеснување на процесот на издавање финансиски инструменти преку пазарот на капитал. Се очекува финансиската рамка за реализација на овој проект да биде одобрена во текот на првиот квартал од 2026 година.

- Македонска берза продолжи со активностите во делот на иницијативата на Европската банка за обнова и развој (EBRD) и осумте берзи од регионот на Централна и Југоисточна Европа.На 06.05.2025 година, во Скопје, Македонската берза беше домаќин на еден од состаноците организирани во рамките на оваа иницијатива, на кој учествуваа претставници на EBRD и 7 други берзи од регионот на Централна и Југоисточна Европа (Братислава, Будимпешта, Букурешт, Љубљана, Варшава, Загреб и од Софија). Во текот на 2025 година, Главниот извршен директор редовно учествуваше на состаноци со работната група на ЕБОР и овие берзите од Централна и Југоисточна Европа, со физичко присуство или онлајн.

## 11.2. УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ И РЕГИОНАЛНИ НАСТАНИ

Во рамките на континуираните активности за промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност на разни регионални и меѓународни настани од областа на пазарот на капитал и со цел следење на најновите трендови во оваа област, претставници на Македонската берза и/или котираните компании на Берзата зедоа учество на следниве настани:

Меѓународни конференции и стручни настани - Главниот извршен директор присуствуваше на FESE Brussels Briefing во Брисел, учествуваше како панелист на AIM Congress 2025 во Абу Даби, како и на конференцијата „Capital Markets in the Digital Age: Balancing Innovation & Oversight“ во Дубровник, во организација на HANFA. Дополнително, Главниот извршен директор Иван Штериев учествуваше во разговор „покрај оган“ со Богдан Гецич од GECIĆ LAW на „Регионалната ESG конференција“, организирана од AmCham North Macedonia. Исто така, преку онлајн вклучување, учествуваше како панелист на конференцијата „Capital Markets – Regulatory Innovation in Action“ во организација на CEE Perspective Academy. Претставници на Берзата присуствуваа и на Годишната конференција на Загребската берза во Ровињ.

Институционална соработка и членства - претставници на Берзата учествуваа на Годишното собрание и конференцијата на Федерацијата на евроазиски пазари на капитал (FEAS) во Ереван, како и на стратешкиот состанок од програмата beamUp lab 5, организиран од Бугарската берза. Остварена беше и работна посета во Загреб, на покана на Министерството за финансии, со состаноци организирани од институции на хрватскиот пазар на капитал.

Размена на знаење - претставник на Берзата присуствуваше на 12th Onsite Training во Букурешт, каде беа презентирани специфики на романскиот пазар на капитал. Исто така, беше реализирана работна посета на претставници од SKDD Group – Croatian CSD, при што беше одржана презентација за улогата и функционирањето на Central Counter Party (CCP), пред претставници на Берзата и Централниот депозитар.

## 11.3. МАКЕДОНСКА БЕРЗА - ПОЛНОПРАВНА ЧЛЕНКА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА ЕВРОАЗИСКИ БЕРЗИ (FEAS)

Преку стекнатото полноправно членство Македонска берза ја поддржува визијата и мисијата на Федерацијата да придонесува за соработка, развој, поддршка и промоција на пазарите на капитал во Евроазискиот регион. Во извешајниот период, Македонска берза обезбеди статистички податоци и одговарање на прашалници поднесени од членките на Федерацијата.

## 11.4. ДАТА ВЕНДОРИ

Во 2025 година Берзата ја продолжи континуираната комуникација со овластените вендори и воедно се одговори на посебните барања и прашања од страна на вендорите.

## 12. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на трговски друштва |
|---|---|---|
| Тони Стојановски | НЛБ Банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | НЛБ Банка АД Скопје, Претседател на Управен одбор<br>Македонска Берза АД Скопје- неизвршен член на Одбор на директори |
| Ивана Гажиќ | Загребска берза АД Загреб, Хрватска<br>Дејност: Управување на финансиски пазар | Загребска берза АД Загреб, Хрватска, Претседател на Управен одбор<br>Македонска берза  АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Нина Неданоска | Шпаркасе банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Шпаркасе банка АД Скопје – Заменик Претсетадел на Управен одбор<br>Македонска берза  АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Михајло Брова Зиков | Комерцијална банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза  АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Славчо Филипчев | Грант Торнтон Консалтинг ДОО Скопје<br>Дејност: консултански, даночни и сметководствени услуги | Македонска берза  АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Иван Мишев | Адвокатско друштво Папазовски Мишев | Македонска берза  АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Горан Анастасовски | КИБС АД Скопје<br>Дејност: Платни системи | КИБС АД Скопје – Претседател на Управен одбор<br>Македонска берза  АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Иван Штериев | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност: Управување со финансиски пазари | Македонска берза АД Скопје - Главен извршен директор<br>Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |

Остварените надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот за г-динот Тони Стојановски, г-ѓа Ивана Гажиќ, г-ѓа Нина Неданоска и г-дин Горан Анастасовски соодветно ќе бидат прикажани во Годишниот извештај на НЛБ Банка АД Скопје, во ревидираните финансиски извештаи на Загрепска берза АД Загреб, во Годишниот извештај на Шпаркасе банка АД Скопје, односно во Белешките на ревизорските финансикси извештаи на КИБС АД Скопје, кои ќе бидат јавно достапни.

Годишните нето примања за 2025 година на другите неизвршни членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 2.968.699 денари, 996.000 денари и 1.748.880 денари.

Податоците за надоместоците и примањата на неизвршните членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

Согласно Одлуката бр.02-697/1 од 30.05.2018 година, Берзата исплатува месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на неизвршните членови во нето износ од 15.000 денари, по член. Освен месечниот надомест, за неизвршните членови на Одборот на директори за 2025 година беше пресметан и годишен надомест, согласно претходно донесена одлука од Собранието на акционери. Износот на надоместоците на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во 2025 година е прикажан во глава 13 од овој Извештај.

Податоците за остварените примања на Главниот извршен директор од Берзата за 2025 година се прикажани во глава 13 од овој Извештај, а остварениот нето надоместок од извршувањето на функцијата неизвршен член во Одборот на директори во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје изнесува 240.000 денари.

## 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА

Во 2025 година Македонската берза АД Скопје оствари вкупни приходи во износ од 67.350.645 денари и истите се за 15% помали во споредба со приходите остварени во 2024 година, што се должи, првенствено на помалиот обем на тргување и помалку остварени приходи од надомест за тргување оваа година, како и поради помалиот износ на учество во добивката на Централниот депозитар за хартии од вредност оваа година во споредба со лани.

**Приходите остварени од камати и вложувања во финансиски инструменти** изнесуваат 3.092.976 денари и бележат пораст од 24,4% во однос на остварените во 2024 година, како резултат на поповолно пласирање на доспеани средства од орочени депозити, односно искористување на повисоките каматни стапки на пазарот, како и поголемиот износ на расположиви средства за пласирање.

Со состојба на 31.12.2025 година износот на **пласираните парични средства** на Берзата номинално изнесува 109,05 милиони денари. Покрај во орочени банкарски депозити, дел од средствата се пласирани во државни хартии од вредност и во отворени парични инвестициски фондови. Берзата има денарски депозити орочени на 12 и 13 месеци во следните банки: Шпаркасе банка АД Скопје (10 милиони денари), Стопанска банка АД Скопје (10 милиони денари), НЛБ Банка АД Скопје (10 милиони денари), Халк Банка АД Скопје (10 милиони денари) и УНИ Банка АД Скопје (10 милиони денари) со каматни стапки што се движат од 2,8% до 3,25%. Друштвото поседува долгорочни државни хартии од вредност во номинална вредност од 31

милиони денари (државни обврзници со рочност од 7 и 15 години, со купони од 1,625 до 3,2%). Исто така, Берзата има вложено 25 милиони денари во едногодишни државни записи издадени од Република Северна Македонија со купонска камата од 3,25% и 3,8%. Со состојба 31.12.2025 година Берзата поседува 33.929,0339 удели во паричниот фонд на друштвото КБ Инвест АД Скопје во вкупен износ од 4.888.600 денари, како и 15.329,6879 удели во паричниот фонд на НЛБ Фондови АД Скопје во вкупен износ од 2.066.871 денари. Како резултат на усогласување до објективната вредноста на уделите со состојба 31.12.2025 година остварени се приходи во износ од 194.318 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 3.287.294 денари, наспроти ланските 2.689.988 денари. Финансиските приходи во вкупните приходи учествуваат со 4,9%.

**Приходите по основ на провизии и надоместоци** изнесуваат 54.183.658 денари и се за 15,7% помали во однос на ланските 64.269.209 денари, како резултат на намалените приходи од надомест за тргување. Приходите од котација оваа година бележат пораст во споредба со лани, што е образложено подолу, а пораст бележат и приходите од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза. Приходите по основ на провизии и надоместоци во вкупните приходи учествуваат со 80,5%. Подолу, подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од 2.854.282 денари наспроти ланските 3.059.658 денари. Ова намалување од 6,7% е резултат на приемот во членство на Халк банк АД Скопје во ноември 2024 година и уплатата на еднократниот надоместок по овој основ. Покрај членарини во оваа категорија на приходи спаѓаат надоместоци поврзани со користењето на БЕСТ системот, за користење на Берза-Нет, како и надоместоци за користење на станици за набљудување. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 4,2%.

- Од **надомест за тргување** во 2025 година се приходувани **34.106.939 денари** што претставува 50,6% од вкупните приходи. Надоместокот за тргување остварен во 2025 година е за 26% помал во споредба со лани. Имено, кај приходот по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучени трансакции во БЕСТ системот е забележано намалување од 23,8% (од 26.230.912 денари во 2024 година на 19.993.183 денари во 2025 година), приходот од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 37,8% (од 17.979.110 денари во 2024 година на 11.185.994 денари во 2025 година), а приходот од тргувањето со обврзници е намален за 28,6% (од 433.838 денари во 2024 година на 309.860 денари во 2025 година). Остварен е и надомест од јавни берзански аукции на големи пакети на акции во износ од 2.094.732 денари, додека лани е приходуван надомест од 1.488.080 денари. Во 2025 година е остварен и надомест од јавна понуди на хартии од вредност во висина од 523.170 денари (минатата година Берзата не оствари приход по овој основ).

- **Надоместок за котација** во 2025 година е фактуриран на 87 котирани друштва и по тој основ се приходувани 10.529.440 денари, наспроти ланските 8.673.441 денари. Овој пораст од 21,4% е резултат на тоа што во 2025 година надоместокот за котација се фактурираше со примена на променети тарифни ставки што започнаа да се применуваат од јуни 2024 година,(2024 година при пресметката на овој надоместокот 50% од надоместокот беше калкулиран по старите, а 50% по новите повисоки тарифни ставки). Во 2025 година е остварен надомест од 1,2 милиони денари за котација на државните хартии од вредност, согласно важечкиот Договор со Министерството за финансии и приход од 427.000 денари за еднократен и годишен надомест за котацијата на корпоративни должнички хартии од вредност. Во 2025 година од надоместоци за котација е остварен вкупен приход од 12.156.440 денари, што е зголемување од 18,7% во однос на лани и истите учествуваат со 18% во вкупните приходи.

- Во 2025 година се остварени **приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон** во висина од **5.065.997 денари**, наспроти ланските **4.837.570** денари и истите учествуваат со 7,5% во вкупните приходи. Од диструбуција на податоци се приходувани 3.988.997 денари, а 1.077.000 денари од објави на веб согласно закон. Овие приходи се поголеми во однос на лани за 4,7%.

Во 2025 година Берзата оствари **останати приходи од дејност** во износ од 7.293.162 денари, што претставува 10,8% од вкупните приходи, и истите се за 2,7% повисоки во однос на остварените во 2024 година. Во останатите приходи од дејност најголемо учество имаат приходите од превентивно одржување на софтверски системи, при што од одржување на софтверскиот систем за брокерско работење Берзата оваа година оствари приходи од 2.279.840 денари, наспроти ланските 1.999.797 денари (оваа година се приходувани дополнителни 4.000 евра од имплементација на нови функционалности во Broker Office апликацијата), а од одржувањето на системот за тргување на берзата во Тирана приходувани се 924.082 денари. Од спонзорства и котизации за учество на годишната конференција на Берзата остварен е приход од 1.929.041 денари, наспроти ланските 1.694.344 денари, од закуп на деловен простор се остварени 1.284.144 денари (1.319.134 денари во 2024 година), а по основа на приходи од сомнителни и спорни побарувања остварени се 211.722 денари. Од закуп на медиумски простор Берзата има приходи од 251.748 денари, а од продажбата на користено основно средство приходувани се 234.441 денари. Во категоријата останати приходи од дејност спаѓаат приходи од хостирање на апликација во износ од 108.000 денари, приходи од надградба на софтвер 68.431 денари и други приходи од 1.713 денари.

Берзата оствари учеството во добивката на Централниот депозитар за хартии од вредност во висина од 2.587.194 денари како **удел во добивка на придружено друштво**, наспроти 5.183.376 денари остварени лани.

Остварени се **приходи** од 2.337 денари по основ на курсни разлики.

Во 2025 година се остварени **вкупни расходи** во висина од **53.389.546 денари** и во однос на минатогодишните 54.433.449 денари бележат намалување од 1,9%, што се должи на помалиот износ на надоместокот за надзор за регулаторот (поради помалите приходи од тргување остварени оваа година), како и на помалку остварени трошоци за услуги.

Во 2025 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **9.863.069 денари**, што претставува учество од 18,5% во вкупните расходи. Истите се за 15,5% пониски во однос на ланските 11.664.972 денари поради помалиот износ што како надомест за надзор Берзата во 2025 година го плати на Комисијата за хартии од вредност, односно оваа година тој е во износ од 9.753.057 денари, наспроти ланските 11.568.458 денари и бележи намалување од 15,7%. Расходот на име провизии од банки и други финансиски институции во 2025 година изнесува 110.012 денари.

**Трошоци за вработени** во 2025 година изнесуваат **25.193.539 денари** и се состојат од бруто плати, останати користи и награди за вработените. Истите изнесуваат 47,2% од вкупните расходи и се повисоки во однос на минатогодишните за 8% како резултат на зголемување на бројот на вработени и пополнување на две работни позиции во текот на годината, планската нагорна нивелација на платите кај дел од вработените и исплата на награда за успешност. Износот на бруто платата на извршниот член на Одборот на директори и исплатената годишната награда изнесуваат **6.460.860** денари.

**Амортизацијата** на средствата е пресметана во износ од **4.710.282 денари**, што претставува 8,8% од вкупните расходи и е за 0,7% повисока во однос на минатогодишната пресметана амортизација од 4.678.260 денари поради планска набавка и ставање во употреба на основни средства. Оваа ставка се однесува на амортизација на деловниот простор, нематеријални средства и опремата. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2025 година за **исправка на вредност на побарувања** се прокнижени трошоци во висина од **386.724 денари** и истите имаат учество од 0,7% во вкупните расходи.

**Останатите расходи од дејност** изнесуваат **12.427.324 денари** и во вкупните расходи учествуваат со 23,3%. Во однос минатата година овие расходи бележат намалување од 5,3% што е објаснето подолу, а се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат **1.685.310 денари** или 3,1% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјали и слично) и се за 6,7% пониски во однос на истите во 2024 година, како резултат на помалите режиски трошоци направени оваа година.

- **Трошоците за услуги** изнесуваат **4.850.033 денари** и истите учествуваат со 9,1% во вкупните расходи, и се за 17,8% пониски во однос на ланските **5.898.050 денари** поради тоа што минатата година Берзата имаше еднократен трошок за учеството во форма на cost sharing за проектот преку EBRD за изготвување на компаниска стратегија. Во 2025 година има намалување на оваа категорија на трошоци и поради тоа што во 2024 година Берзата користеше правни и услуги во делот на одржување на системите за работа на Берзата од надворешни субјекти, а со кадровското доекипирање во 2025 година тие услуги се обезбедуваат од сопствени ресурси. Во групата трошоци за услуги спаѓаат трошоците за услуги за водење сметководство, правни услуги, договори со други физички лица (за вршење на внатрешна ревизија, одржување на веб апликации на Берзата итн.) и истите се во висина од 1.698.138 денари. За услуги за тековно инвестиционо одржување на средствата за работа трошоците во извештајниот период изнесуваат 404.669 денари (лани беа 693.804 денари бидејќи дел од годината се користеа услугите на надворешен контрактор во делот на тековно инвестиционо одржување на средствата за работа). Направени се и трошоци за реализација на годишната берзанска конференција во висина од 893.879. Понатаму, за телефонските и услугите за интернет се направени 588.550 денари, а за ревизија се направени трошоци во висина од 177.00 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за поштарина, за задолжителни објави по весници, други надоместоци за регулаторот, за услуги од областа на безбедност и здравје при работа, обезбедување, паркинг и слично. Во однос на планот имаме остварување од 67,4% поради тоа што не се реализираа трошоците предвидени за усогласување на Берзата со новиот Закон за финансиски инструменти и подзаконските акти на Комисијата за хартии од вредност, поради одложување на почетокот на примената на истиот.

- За месечен **надомест за неизвршните членови** на Одборот на директори како и по основ на годишен надомест за успешност, согласно важечки одлуки на Собрание на акционери, е пресметан и исплатен вкупен износ од 2.323.008 денари. Истите учествуваат со 4,3% во вкупните расходи.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од **740.659 денари.** Во однос на минатогодишните овие трошоци бележат значаен пораст како резултат на интензивирање на меѓународните активности на Берзата, поврзани со нејзиното учество во проектите на EBRD и членството во FEAS. Во вкупните расходи учествуваат со 1,4%

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат **1.551.849 денари** наспроти ланските 1.533.028 денари и се однесуваат на трошоците за реализација на Годишната берзанска конференција, за настанот за доделување на Годишни награди на Берзата, како и трошоците за организирање на едукативни и други промотивни настани.

- **Трошоци за осигурување** се направени во висина од **999.820 денари** и се однесуваат на трошоци за менаџерско осигурување, трошоци за доброволна пензиска шема за одреден број клучни вработени, трошоци за општо и приватно здравствено осигурување на вработените, осигурување на деловниот простор, опремата итн. Истите учествуваат со 1,9% во вкупните трошоци, а во однос на лани бележат пораст од 31.3% поради тоа што е обезбедено дополнително здравствено осигурување за сите вработени.

- По основ на **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од **276.645 денари** и истите учествуваат со 0,5% во вкупните расходи. Во оваа категорија трошоци спаѓаат членарини за ФЕАС, Американска стопанска комора, данок на имот, трошоци за судски и административни такси и слично.

Во 2025 година е остварен **удел во загубата во заедничкото вложување** во СЕЕ Линк ДОО Скопје во висина од **295.941 денари**.

Македонската берза донираше 500.000 денари во новоформираната **фондација на Македонската банкарска асоцијација „ЗАЕДНО ЗА ЕДНО“**, со цел помош и поддршка на семејствата на загинатите и на повредените во пожарот во Кочани.

Од **курсни разлики** е остварен трошок од **12.667** денари.

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2025 година оствари **Добивка пред оданочување** во износ од **13.961.099 денари.** Пресметан е **Данок на добивка** во износ од **1.212.294 денар** и **Добивката за деловната 2025 година** изнесува **12.748.805 денари.**

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2025 година изнесува **210.135.900 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, орочени депозити во банки со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во парични инвестициски фондови) учествуваат со 27,7% преку што се обезбедува финансиска стабилност на Берзата. Берзата има удел од 36.823.886 денари, односно 28,67% во сопственичката структура на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, има вложено и 31,2 милиони денари во долгорочни државни обврзници и 25 милиони денари во државни едногодишни записи. Согласно евидентираните загуби на друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје, што претставува заедничко вложување со берзите од Загреб и Софија, со состојба 31.12.2025 година влогот на Македонската берза во ова друштво е целосно амортизиран и е сведен на нула (повеќе за СЕЕ Линк во точка 11.1).

Учеството на основните средства - материјални и нематеријални (48.266.560 денари) изнесува 23% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 9.362.603 денари или 4,5% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2025 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата што доспеваат за плаќање во јануари 2026 година и тоа за надомест за котација, побарувања за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2025 година и побарувања за дистрибуција на податоци на странски дата вендори.

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2025 година изнесува **210.135.900 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2025 година изнесуваат 6.320.359 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.816.646 денари и истите доспеваат за плаќање во јануари 2026 година, обврски за даноци, придонеси и други давачки 645.178 денари, други обврски 3.451.490 и пасивни временски разграничувања во износ од 407.045 денари.

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2025 година изнесуваат 203.815.541 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 42.020.555 денари, добивката за финансиската година во износ од 12.748.805 денари и задржаната добивка во износ од 45.548.421 денари.

**Одбор на директори** **Скопје, март 2026**

**Претседател**

**Тони Стојановски**

Македонска берза на хартии од вредност • АД СКОПЈЕ

# ПРИЛОГ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на ден 31.12.2025 година

### АКТИВА

во денари

| Назив | 2024 | 2025 | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| **Парични средства и парични еквиваленти** | **6.765.064** | **1.305.228** | **19** |
| **Кредити на и побарувања од банки** | **50.000.100** | **50.000.000** | **100** |
| Депозити | 50.000.100 | 50.000.000 | **100** |
| **Должнички хартии од вредност** | **46.187.075** | **56.167.783** | **122** |
| Државни хартии од вредност | 46.187.075 | 56.167.783 | **122** |
| **Заеднички вложувања** | **295.941** | **0** | **0** |
| **Нематеријални средства** | **1.218.686** | **824.212** | **68** |
| **Материјални средства** | **49.681.716** | **47.442.348** | **95** |
| **Останати средства/побарувања** | **55.663.532** | **54.114.431** | **97** |
| Побарување за данок од добивка | 0 | 1.254.369 | - |
| Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 43.154.178 | 43.779.357 | 101 |
| Останати побарувања | 12.509.354 | 9.080.705 | 73 |
| **Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **365.367** | **281.898** | **77** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **210.177.481** | **210.135.900** | **100** |

### ПАСИВА

во денари

| Назив | 2024 | 2025 | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| **Обврски** | **7.942.744** | **6.320.359** | **80** |
| Останати обврски | 7.677.152 | 5.913.314 | 77 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 265.592 | 407.045 | 153 |
| **Капитал и резерви** | **202.234.736** | **203.815.541** | **101** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | **100** |
| Резерви | 41.158.831 | 42.020.555 | 102 |
| Добивка за финансиска година | 22.189.872 | 12.748.805 | 57 |
| Задржана добивка | 35.388.273 | 45.548.421 | 129 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **210.177.480** | **210.135.900** | **100** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ

### за периодот 01.01.-31.12.2025 година

| ПРИХОДИ | 01.01.-31.12.2024 | 01.01.-31.12.2025 | Индекс 2025/2024 | Финансиски план 2025 | Остvар. на план 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходите остварени од камати и вложувања во финансиски инструменти | 2.485.471 | 3.092.976 | 124 | 3.000.000 | 103 |
| Приходи од усогласување до објективна вредност на удели | 204.517 | 194.318 | 95 | 100.000 | 194 |
| Приходи од провизии и надоместоци | 64.269.209 | 54.183.658 | 84 | 56.750.000 | 95 |
| Надомест за членство | 3.059.658 | 2.854.282 | 93 | 2.800.000 | 102 |
| Надомест од тргување | 46.132.540 | 34.106.939 | 74 | 37.000.000 | 92 |
| Приходи од котација | 10.239.441 | 12.156.440 | 119 | 11.960.000 | 102 |
| Приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон | 4.837.570 | 5.065.997 | 105 | 4.990.000 | 102 |
| Останати приходи од дејност | 7.103.005 | 7.293.162 | 103 | 8.400.000 | 87 |
| Удел во добивката на придружено друштво | 5.183.376 | 2.584.194 | 50 | 2.900.000 | 89 |
| Добивка од курсни разлики | 5.344 | 2.337 | 44 | 10.000 | 23 |
| Вкупни приходи | 79.250.922 | 67.350.645 | 85 | 71.160.000 | 95 |

| РАСХОДИ | 01.01.-31.12.2024 | 01.01.-31.12.2025 | Индекс 2025/2024 | Финансиски план 2025 | Остvар. на план 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| Расходи за провизии и надоместоци | 11.664.972 | 9.863.069 | 85 | 10.335.000 | 95 |
| Провизии од банки и други фин. институции | 96.514 | 110.012 | 114 | 120.000 | 92 |
| Берзанска провизија за КХВ | 11.568.458 | 9.753.057 | 84 | 10.215.000 | 95 |
| Трошоци за вработени и останати користи за вработени | 23.297.464 | 25.193.539 | 108 | 22.970.000 | 110 |
| Отпремнина | 888.888 | 0 | - | 0 | - |
| Амортизација | 4.678.260 | 4.710.282 | 101 | 4.950.000 | 95 |
| Исправка на вредност и отпис на побарувања | 238.359 | 386.724 | 162 | 300.000 | 129 |
| Останати расходи од дејност | 13.124.032 | 12.427.324 | 95 | 14.350.000 | 87 |
| Материјални и слични трошоци | 1.805.604 | 1.685.310 | 93 | 1.900.000 | 89 |
| Трошоци за услуги | 5.898.050 | 4.850.033 | 82 | 7.200.000 | 67 |
| Одбор на директори | 2.323.004 | 2.323.008 | 100 | 1.400.000 | 166 |
| Трошоци за службени патувања | 457.058 | 740.659 | 162 | 700.000 | 106 |
| Трошоци за репрез., реклама и пропаганда | 1.533.028 | 1.551.849 | 101 | 1.800.000 | 86 |
| Осигурување | 761.432 | 999.820 | 131 | 950.000 | 105 |
| Други трошоци | 345.856 | 276.645 | 80 | 400.000 | 69 |
| Удел во загубата на заедничко вложување | 532.588 | 295.941 | 56 | 0 | - |
| Донации | 0 | 500.000 | - | - | - |
| Загуба од курсни разлики | 8.886 | 12.667 | 143 | 10.000 | 127 |
| Вкупни расходи | 54.433.449 | 53.389.546 | 98 | 52.915.000 | 101 |
| Добивка (загуба) пред оданочување | 24.817.473 | 13.961.099 | 56 | 18.245.000 | 77 |
| Данок на добивка | 2.627.601 | 1.212.294 | 46 | - | - |
| Добивка за финаниската година | 22.189.872 | 12.748.805 | 57 | - | - |